СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 мај 1996 година

Скопје, мај 1996 година

## 45 (ЧЕТИРИЕСЕТ И ПЕТТА) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА , ОДРЖАНА НА 15.V.1996

Дискутанти:

Дневен ред: стр.3

Т.1 Стр.21 -Верификација на манд. на пратеник
Т.2 Стр.35- Закон за Јавни патишта гласање во I продолж.

1. АРСОВСКИ БРАНКО - 16, 43, 45
2. АБДИ ФАИК - 10, 11, 12
3. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД – 59, 61, 123
4. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР - 15, 54, 66, 67, 71 72, 75, 77, 78, 79, 80, 82, 84, 86, 87, 88, 89 ,90, 91, 92, 93, 94, 95, 96, 97, 100, 101, 102, 103, 105, 106, 107, 108, 109, 115, 119, 120, 121, 122, 123, 125.
5. ВИДИМЧЕ КИРЕ - 81, 83.
6. ГОЦЕВСКИ ИЛИЈА - 117
7. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 6, 35, 37, 121
8. ИВАНОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 8
9. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 18, 49, 84
10. КАРОВ ИЛИЈА - 8, 9
11. КАРОВ ЗВОНКО - 19, 73
12. НИКОЛОВ ЈОВАН - 104
13. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 12, 14, 74, 99
14. МИНОВ ПАНЧО - 69, 74, 111, 112, 119.
15. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1... ( води седница )
16. ПАУНОВ ТОДОСИЈА - 14, 17, 62
17. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 7
18. РАМАДАНИ САЛИ - 21, 29
19. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР -47, 108, 109, 110.
20. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 72, 75, 80, 83, 88.
21. СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈА - 115
22. ТАИРИ МЕВЉАН - 32, 40
23. ТРПЕВСКИ ЉУБЕ - 8, 9, 11, 13
24. ТРАЈКОВ МИЛЧО - 103
25. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 118
26. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 68, 71, 78, 95, 126

П Р О Д О Л Ж У В А

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 15 мај 1996 год.

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Митко Илиевски, Благој Стефановски, Вељо Тантаров Нано Ружин, Илинка Митрева, Драган Георгиев, Живко Јанкуловски и Ристо Масев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, г-динот Киро Глигоров, потпретседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичката изборна комисија и гувернерот на Народната банка на Република Македонија.

Записникот од Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија Ви е доставен.

Дали некој од пратениците има забелешки на записникот (нема).

Констатирам дека записникот од 43-та седница на Собранието на Република Македонија е усвоен без забелешки.

I/2.- РД/ОМ

Ве известувам дека Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања го повлече барањето од дневниот ред на оваа седница да се дополни со предлогот за одземање мандат на пратеникот Арбен Џафери.

Комисијата за прашања на изборите' и именувањата предлага на оваа седница да се разгледаат и предлозите на одлуките за разрешување и именување на претседатели и членови на одборите за доделување на градите "11 Октомври", "Климент Охридски" и "Гоце Делчев". За давање согласност на Одлуката на Советот на работната организација Музеј на Македонија, Археолошки, Етнолошки и Историски - Скопје за именување индивидуален работоводен орган, за именување членови на комисиите за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Вишата медицинска школа во Битола и факултетот за туризам и угостителство во Охрид, за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Природно математичкиот факултет во Скопје, за разрешување на претседателот на Комисијата за односи со верските заедници за разрешување и именување членови на Републичкиот завод за вработување, за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија и за избор на членови на управните одбори во Клиничкиот центар во Скопје, Заводот за превенција, лекување и рехабилитација на кардио васкуларни заболувања - Охрид, здравствените домови во Свети Николе и Вевчани, медицинските центри во Куманово, Охрид и Крива Паланка, Градска аптека во Скопје, Општинската аптека во Кочани и во Стоматолошкиот факултет,Стоматолошки клиники во Скопје.

Кој е за предлогот , молам да крене рака? (53)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Очигледно дека некој не гласал. Над 75 пратеници има во салата.

Во секој случај констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред

1. Верификација на мандатот на пратеникот на Собранието на Република Македонија.

2. Предлог на закон за јавни патишта.

3. Предлог за донесување на закон за единствениот даночен број на даночните обврзници, со Предлог на закон.

4. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за даноците на имот, со Предлог на закон.

5. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за висината на стапката на затезната камата, со Предлог на закон.

6. Предлог на одлука за потврдување на Годишната сметка на Народната банка на Република Македонија за 1995 година.

7. Предлог на одлука за потврдување на Финансискиот план на Народната банка на Република Македонија за 1996 година.

8. Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за разгледување на прашањето во врска со извршените набавки од страна на министерствата и Владата на Република Македонија од буџет- ските средства во 1994, 1995 и првите три месеци од 1996 година.

9. Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија на Собранието на Република Македонија за утврдување на одговорноста во врска со увозот на доматите и краставиците во текот на 1995 и 1996 година во Република Македонија.

I/4.-

10. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација клиника за максилофасционална хирургија - Скопје.

11. Барање за давање на автентично толкување на член 6 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот "Службен лист на СФРЈ" број 33/72, 55/72, 28/73, 36/75, 58/75,7/77, 61/78, 26/79, 5/80, 63/80, 3/81, 23/82,15/83, 66/83, 71/84, 39/85, 11/86, 21/87, 10/88, 27/88,31/88, 44/89, 46/89, 60/89 и 13/90, поднесено од производно прометното претпријатие на големо и мало "Сараф"- Скопје.

12. Барање за давање на автентично толкување на член 197 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување "Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 3/94 и 14/95, поднесено од Здружението на воените пензионери.

13. Барање за давање на автентично толкување на член 2 од Законот за семејството , "Службен весник на Република Македонија" број 80/92, поднесено од Собранието на општина - Штип.

14. Барање за давање на автентично толкување на член 9 став 2 од Законот за станбените односи "Службен весник на СРМ" број 48/88, поднесено од Златара "Рубин" А.Д.-Скопје.

15. Барање за давање на автентично толкување на член 28 став 1 од Законот за преструктуирање на дел од претпријатијата кои во своето работење искажуваат загуби, "Службен весник на Република Македонија" број 2/95 и 65/95, поднесено од Македонска банка А.Д.- Скопје и Синдикалната организација А.Д. "Газела" - Скопје.

16. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври".

I/5.-

17. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски"

18. Предлог на одлука за разрешување и именување член на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев".

19. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на Работната организација Музеј на Македонија , Археолошки, Етнолошки и Историски - Скопје за именување индивидуален работоводен орган на музејот.

20. Предлог на одлука за именување на членови на Комисијата за изготвување на предлог за именување директор на Вишата медицинска школа во Битола.

21. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Природно математичкиот факултет - Скопје.

22. Предлог на одлука за разрешување на претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници.

23. Предлог на одлука за разрешување и именување членови на Советот на Републичкиот завод за вработување.

24. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

25. Предлог на одлука за именување на членови на Комисијата за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган во Факултетот за туризам и угостителство- Охрид.

26. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Клинички центар - Скопје.

27. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања - Охрид.

28. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Здравствениот дом Свети Николе.

29. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Медицинскиот центар во Куманово.

30. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавното здравствена организација Медицински центар - Охрид.

31. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација градска аптека - Скопје.

32. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Општинската аптека - Кочани.

33. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Медицинскиот центар Академик д-р професор д-р. Димитар Арсов Крива Паланка.

34. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Вевчани.

35. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Работната организација Стоматолошки факултет, Стоматолошки клиники Скопје.

Дали има некој предлог за измена и дополнување на дневниот ред.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Барам точката под реден број 27 да се симне од дневниот ред бидејќи е едно големо понижување на интелектуалниот кадар во Свети

Николе да се става член на Управниот одбор од Штип. Мислам ова е навреда на целиот град и не знам од кои побуди и по кои критериуми е донесена член на Управниот одбор да биде од Штип. Другите членови кои се предложени со сомнително досие за тоа барам од претседателот на Комисијата за избор и именување да даде кратко образложение и точката да ја симнеме од дневниот ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, таа точка е веќе изгласана на дневниот ред, бидејќи гласавме на предлогот на Комисијата за избор и именување.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дне претседателе, дами и господа пратеници. Јас барам во името на пратеничката група на ПДП да се стави на дневен ред информација за државјанството на граѓаните на Република Македонија, мислам за тие кои се во процедура, кои се уште немаат државјанство, врз база на што немаат и зошто се уште во процедура и со податоци за нивната национална структура.

Зошто го барам ова? Затоа што неколку пати веќе баравме таква информација и тие информации кои не беа задоволителни , беа вратени и од Владата на Република Македонија, се дискутираше и во овој парламент, исто така не се усвои еден заклучок од Собранието на Република Македонија и тогаш на крајот се договоривме да се достави информација со барање од координаторите на пратеничките групи. Тогаш координатор сегашниот претседател Тито Петковски, координатор на пратеничката група на Социјалистичката партија, тогаш Благоја Филиповски, јас и координаторот на пратеничката група на Либералната партија г-динот Аце Коцевски. Меѓутоа, се уште од Владата не беше

доставена никаква информација, па јас барам таа информација да се стави на дневен ред за денешната седница.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Владата е спремна да излезе со информација, но не може на оваа седница. На идната седница можеме да земеме обврска да излеземе со информација за овие работи за кои што ги барате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Рамадани дали го прифаќате предлогот.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Се согласувам.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Јас предлагам во точката 5 предлогот за донесување на законот за изменување на Законот за висината на стапките на затезната камата со Предлог на закон, овој закон да се донесе во две фази. Предлогот на законот предлагам да се симне , а причината зошто го предлагам во две фази ќе дадам образложение кога ќе го образложувам предлогот за донесување на закон.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници. Предлагам дневниот ред да се дополни со информација за обезбеденоста со семенски материјал на ориз во Република Македонија. Ова го предлагам од причина што на последната седница кога имаше пратенички прашања, јас поставив пратеничко прашање до Владата, односно до ресорното министерство и министерот на оваа говорница изјави дека Владата ќе

направи се околу решавањето на овој проблем,односно околу обезбедувањето на семенски ориз. Во таа прилика јас истакнав дека во Република Македонија оваа година се планира да се насеат околу 4.500 хектари под ориз, а се утврди дека квалитетен семенски материјал има за околу 1.500 хектари. Што значи, за 3000 хектари површина која сега моментално сеидбата е во тек не е обезбеден семенски ориз, сезоната и сеидбата е во тек, меѓутоа до овој момент ние немаме никаква информација дека во Република Македонија овој горлив проблем е решен, односно дека се преземени било какви мерки.

Од тие причини, барам на оваа седница да се расправа по оваа информација.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Колку што имам јас информации, овој проблем се разрешува, Министерството за земјоделие е во тек со овој проблем, а за наредна седница ако инсистира пратеникот ќе добиете информација како е разрешен проблемот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Каров дали се согласувате.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитувани пратеници, оптималниот рок за сеидбата е 15 април до 15-20 мај. Ако ние чекаме да расправаме зошто не се обезбедило ни еден килограм семенски ориз, тек после 15 дена сите агро рокови ќе бидат завршени за сеидба, а јас најодговорно тврдам дека до овој момент не е обезбедено ни еден килограм семенски ориз и не знам кои се можностите , се сее меркантилен ориз, сеидбата се одвива бавно и од арпа која се чува со години во магацините, така да нема никаква логика

воопшто после 15 или 30 дена ние да расправаме по оваа проблематика. Мислам дека на крајот од седницата може да се обезбеди претставник од Министерството за стопанство да дојде на оваа седница и да даде сега информација за состојбите. Бидејќи навистина овој проблем не е решен и немаме решавање за оваа година.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој е за предлогот на г-динот Каров да крене рака?(22) Констатирам дека предлогот не е усвоен.

**АБДИ ФАИК:**

Почитувани пратеници, бидејќи дневниот ред е обемен сметам дека Владата може да ни даде одговор или да ни донесе еден предлог кој што се однесува на потрошувачката на струја во временски период од 1992 година што е опишано во Службен весник број 65 и замислете одредени граѓани кои што должат 72,00 денари со затезни камати што беа така големи денеска тие борчат по 45 или 75 илјади денари. Тие се дадени на суд. Мислам дека навистина е неисправно и затоа Владата треба да преземе мерки, да го види овој Службен весник и да ни даде овде предлог за негово решавање.

II/1 ДВ/ЛБ

**ФАИК АБДИ:** (продолжение) ;

Второ, барам од Владата, надлежна за договорите што се потпишани со Северна Рајна Вествалија за азилантите, бидејќи тие се жалат дека за плаќање на електрична енергија ништо не стои во договорот, дека трошоците за струјата ќе ги поднесуваат државата. Меѓутоа пред месец или два дистрибуција почна да ја сече струната таму. Луѓето долгуваат по пет или шест илјади ДМ. Што правиме со тоа.

Мислам дека Владата треба да даде одговор на тоа прашање и да се отвори дебата за тоа прашање зошто луѓето не знаеле за таа работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Барате информација за денешната седница?

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Тоа ми личи на пратенички прашања. Ако поставуваме пратенички прашања, тогаш треба да се повикаат сите членови на Владата и да се одговара на пратеничките прашања.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Абди бараше да се поднесе информација од страна на Владата овде на Собранието.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Па не може сега за еден час да се поднесе информација. Повторно велам дека тоа личи на пратенички прашања.

Првото прашање е чисто судско прашање. Владата нема намера да се меша во работата на судовите.

За второто прашање можеме да дадеме информација за наредната седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали г-динот Абди се согласува со ова образложение од претставникот на Владата, да се даде информација на наредната седница на Собранието.

II/2

**ФАИК АБДИ:**

Се согласувам, Владата да даде информација на наредната седница на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали има уште предлози за дополнување на дневниот ред.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ**:

Почитуван претседателе, дами и господа, Еве сега од потпретседателот на Владата сега слушнавме дека повеќе личи на пратеничко прашаше, бараната информација од г-динот Абид. Но, изгледа ние пратеници сме приморани на еден ваков начин да одиме со барања, бидејќи претходната седница не поставувавме пратенички прашања, мислам кај сите пратеници најде на разбирање барањето од претседателот на Собранието заради тоа што Владата не одговори на најголемиот дел од пратеничките прашања од претпоследната седница, тогаш да не поставуваме прашања. Еве до денес, колку што јас успеав да видам има одговорено само на шест, седум пратенички прашања поставено на последната седница па изгледа и денес, ако одиме по таа логика, заради тоа што не ми одговорила Владата на поставените прашања повторно не ќе можеме да поставуваме прашања, па еве должни сме изгледа на ваков начин да постапуваме ние пратениците.

Јас на денешната седница би побарал Владата да поднесе информација за динамиката на преземање на пченицата од 1995 година, од индивидуалните земјоделци, посебно од Општина Битола и со динамиката на преземање на пченицата од 1995 година од индивидуалните земјоделци, посебно од општина Битола и со динамиката на преземање од страна на стоковните резерви и динамика на плаќање на пченицата.

Пред десетина дена кај претседателот на Собранието на општина Битола имаше штрајк од страна на индивидуалните земјоделци кои си ги

бараат парите за пченицата од минатата година. Навистина земјоделците се обраќаат таму каде што најмалку треба да ги бараат своите права, кај претседателот на Собрание на општина, заради тоа што тој најмалку може да го разреши тоа прашање . Но сепак излегувајќи во пресрет на нивните барања, тој во секое време ги прима и разговара, но не може да придонесе за разрешување на ова прашање.

На претпоследната седница јас го поставив ова прашање,, како пратеничко прашање, а до ден денешен не ми е одговорено. Тогаш јас реков, во рок од 10 дена да се одговори на пратеничкото прашање заради тоа што не е далеку откупот на пченицата од оваа година. Мислам дека една таква информација треба да се даде и да се каже кога стоковните резерви ја презеле пченицата и кога ја платиле. И зошто на земјоделците пчениците не им е во целост платена. Јас не би се согласил кога сега претставникот на Владата би ми рекол за наредната седница, бидејќи наредната седница ќе биде за 20-тина дена, па не знам уште колку тоа ќе се одолговлекува. Ние пратениците сме принудени на ваков начин да ги бараме овие информации заради тоа што дел од министрите од Владата не ни одговараат на нашите поставени пратенички прашања.

Ако надлежните министерства барем малку се заинтересирале за ова пратеничко прашање што тогаш го постави, на денешната седница треба да бидат спремни и способни да ја поднесат оваа информација.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Тоа навистина е еден од горливите проблеми. Владата повеќе пати има расправано за овој проблем и мое мислење е дека требало досега да одговори министерството за земјоделие и дирекцијата за сто- кови резерви за да знае и Собранието а и јавноста да знае каде е вината, ако постои вина што крајните корисници не ги добиле средствата. Јас мислам дека треба да стапиме во контакт со Министерството за

земјоделие, ако можат до крајот на седницата да дојдат и усмено да информираат, а ако не, тогаш за наредна седница да дадат писмена информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Најдовски, дали се согласувате со предлогот на наредната седница да се поднесе информација.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Според ова што го кажа претставникот на Владата, значи се расправало во Владата за тоа, и подолго време расправале за тој проблем, што значи дека се спремни за денес и сметам дека треба да прифатиме, денес на оваа седница оваа информација да ја добиеме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на г-динот Најдовски, на денешнава седница да се поднесе информација, молам да крене рака? (26)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има г-динот Тодосија Паунов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Г-дине претседателе, дами и господа,

За денешната седница на Собранието на Република Македонија предлагам дневниот ред да се дополни со две точки:

1. Информација за стечајните работници, со предлог решение, Мислам дека работите се толку изострени во овој период, имаме толку многу стечајни работници и дека е прашањето актуелно и мора брзо и ефикасно да се бара решение. Затоа барам на денешната седница да влезе во дневниот ред -Информација за стечајните работници, со предлог решение како и на кој начин да се реши прашањето.

2. Ме чуди зошто Информацијата за невработените што е изработена од Министерството за труд, не е на дневен ред.

Барам, истовремено, да биде ставена на дневен ред- Информацијата за невработените работници кои ги имаме, во овој момент спрема евиденцијата, околу 228.000 невработени стручни кадри.

Мислам дека Информацијата беше добра, а немаше програм и решение по Информацијата, доволно, за поефикасно вработување на невработените стручни кадри што ги имаме во Републиката. Ние толку многу средства инвестиравме во тие кадри во изминатиот период, а сега се наоѓаат на улица. Поради тоа барам на денешната седница да биде ставено на дневен ред.

Ме чуди претседателот на Комисијата за труд и социјална политика- г-динот Бранко Арсовски не го постави ова прашање на денешната седница, знаејќи дека беше на Комисијата и требаше брзо и ефикасно да се решава, а не беше поставено.

Молам од пратениците да биде прифатено, овие две точки да влезат во дневниот ред на денешната седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор претставникот на Владата, г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Двете прашања што се покренати, се од истоветна природа. Според тоа Владата имаше предвид и во рамките на своите активности изготви Информација за состојбата во делот на невработеноста, вградувајќи во таа информација ,констатација и мерки активности во делот на преземените стечајни постапки и стечајни работници кои, после таа стечајна постапка, останале без работа и стечајни работници кои што се реактивирале со реактивирање на претпријатијата кои порани биле под стечај.

Собраниската комисија за труд и социјална политика ја гледаше таа информација и посвети доста внимание на истата, природно, бидејќи темата е од таква природа и така се третира.

Заклучокот на Комисијата е таа информација да се дополни со некои нови согледувања кои во меѓувреме треба да ги изготви Министерството за труд и социјална политика, кои поготово се врзани за законот за работни односи и Законот за вработување. Тоа се случуваше во последниве десетина дена. Мислам дека е во тек активноста во Министерството за труд и социјална политика за исполнување на задачите и заклучоците кои се поставени од собраниската комисија за труд и социјална политика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Бранко Арсовски, кој беше спомнат.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Да дадам образложение, не како пратеник, туку како претседател на Комисијата за труд и социјална политика.

Ние ја погледавме информацијата, ако се сеќавате тоа беше иницијатива на г-динот Аце Коцевски кој бараше од Владата да се направи Информација за невработеноста во РМ. Таа беше проследена до сите пратеници. Меѓутоа, одлуката на Владата беше, таа биде разгледана исклучиво од соодветните комисии во Собранието на РМ.

Како надлежна Комисија, Комисијата за труд и социјална политика, деновиве ние ја погледнавме Информацијата и го заклучивме следното:

Прво, Информацијата ја прифативме целосно со извесни на-дополнувања во однос на еден дел од содржината на самата информација.

Вториот заклучок беше, Информацијата да биде во функција за донесување на новиот закон за вработување и менување, по можност, на Законот за работни односи, и

Трето, Владата да направи програма за стратегијата за разрешување на проблемот на невработеноста во РМ, преку посебна програма.

Тоа се заклучоците и очекуваме дека Владата сега ќе реагира во постапката за носење на законот за вработуваше и тогаш можеме во целост да расправаме за оваа Информација која го третира проблемот на невработеноста и тогаш, можеби, и пратениците ќе имаат поголема можност да бидат поцелосно информирани за сите состојби во РМ; во однос на структурата, обележјата и тн. во однос на невработените лица. Така да Комисијата еден таков заклучок има, без да предложи тој да биде разгледуван од Собранието на РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали г-динот Тодосија Паунов е задоволен од одговорот на претставникот на Владата.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Г-дин претседателе, дами и господа, со министерот наполно се согласувам, онака како што ги кажа работите, меѓутоа, во последно време работите се толку изострени, толку се настанати тешкотии и проблеми што граѓаните немаат основни средства за живот, па поради тоа доаѓа до чести исклучувања на вода и струја, и граѓаните живеат без вода и без струја, бидејќи не можат да ги платат тие комунални давачкичи.

Се загрозува животот на граѓаните.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, г-дине Паунов не водиме сега расправа за тоа.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Од овие причини барам на денешната седница да бидат поставени двете точки:

1. Информација исклучиво за стечајните работници и
2. Информација за невработените 228.000 невработени.

Знам дека требаат н дополнителни материјали, но мислам дека Владата ги има тие дополнителни материјали, кои може многу брз9 да ги умножи и да ги достави до пратениците, мислам дека оваа седница може да трае и утре, а тоа може да биде посебни точки во дневниот ред, и да расправаме побрзо, бидејќи сметам дека тоа е многу итна работа и дека треба да се реагира.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на г-динот Паунов, Информацијата за стечајните работници, да се стави на дневен ред на денешната седница? (28)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Кој е за предлогот Информацијата на невработеноста, да се стави на дневен ред на денешната седница, молам да крене рака? (28)

Констатирам дека предлогот не е усвоен..

Има збор г-динот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,

Би сакал да изнемам една кратка деловничка односно процедурална интервенција. Имено, со ова што се случува, со нашите барања за изработка и поднесувања на информации до страна на Владата, првиот случај беше со Информацијата за загрозеноста на животот и личната сигурност и имотот на граѓаните на РМ, а втората беше, моето барање за изготвување на информација за проблемите и состојбите со невработеноста, со посебен осврт за повторното вработување на стечајните работници се случува, Владата на груб начин да се наметнува над Собранието и да предлага расправа да се води по тие информации само во матичните работни тела на Собранието. Истите информации да бидат достапни до јавноста, а по нив да не се води расправа на пленарните седници на Собранието.

II/10

Мислам дека Владата со ниеден законски ниту деловнички акт, го нема тоа право да му наложува и да бара од Собранието на кој начин ќе ги третира тие работи. Едноставно претседателот односно претседателството на Собранието се должни, откако тие информации ќе бидат примени и ќе влезат во процедура во Собранието на РМ, да ги стават во процедура и по нив да се води нормална расправа, како и за сите останати документи кои доаѓаат во Собранието на РМ. Во таа смисла ние како пратеничка група и јас лично, по онаа другата информација, уште утре ќе се обратиме до претседателот на Собранието, со барање, на првата наредна седница овие две информации врстени во дневниот ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Коцевски,ние, за сите точки што ќе се најдат на дневниот ред, одлучуваме ние, Собранието. Владата може да предложи нешто, да се најде, или да не се најде. Но, конечно, дали ќе се најде на дневен ред ние одлучуваме, со гласање.

Дали уште некој бара збор?

**ЗВОНКО КАРОВ :**

Г-дине претседателе, дали членовите на ова Собрание сме- таат дека не постои личност, ова Собрание да расправа по овие две информации. Ако треба за тоа Собранието нека се изјасни со поединечно изјаснување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не разбрав што предлагате. Говориме за во врска со пред- лози за дополнување на дневниот ред.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Дали членовите на Парламентот, како претставници на граѓаните, дека овие две информации не треба, или не е моментот да се гледаат сега.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, ние гласаме и ќе гласаме по два пати, три пати за една иста работа.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?(75)

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (еден)

Констатирам дека предложениот дневен е усвоен.

III/1.- СЈ-ВБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Поради карактерот на прашањата што се на дневен ред предлагам, пратеничките прашања да ги поминеме по исцрпувањето на точките од дневниот ред.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

75 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (еден)

Дали некој се воздржува од гласање? (тројца пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека предлогот е усвоен

**Точка 1** - Верификација на мандатот на пратеник во Собранието на Република Македонија.

Извештаите на Републичката, Државната Изборна Комисија и на Комисијата за деловнички прашања и мандатно - имунитетни прашања Ви се доставени.

Отворам претрес по Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања.

Има збор претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања.

Господин Панчо Минов не е тука, дали бара збор некој од членовите на Комисијата? (не)

Дали некој друг бара збор?

Господин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска треба да се направи една што покомплетна правно-политичка и научна анализа. Со споредувањето на дополнителните избори не раководеше, туку злоупотребуваше и командуваше катастрофално лошо изборната комисија на изборната единица 102 - Дервен општина Карпош Скопје и тоа не подзаконска туку под претерана грижа и невидено туторство на Републичката Државна Изборна Комисија

со помош и под невидениот притисок на управните - извршните органи вклучувајќи ги и големите цивилни и униформски полициски сили, се до другите кои беа присутни.

И покрај ненормалните околности и нерегуларности кандидатот на коалицијата на Партијата за демократски просперитет на Албанците и Демократската Народна Партија, а не НДП и ПДПА како што го фалисфикува и службениот редослед Републичката Државна Изборна Комисија Ефенди Санахудин Мехмеди на гласањето на 7 април 1996 година од 10.431 кои гласале доби 5.077 гласа т.е. 207 гласа повеќе од кандидатот на ПДП г-дин Ризван Сулејмани. Додека уште во првиот круг на гласањето на коалицијата на ПДП и НДП и се приклучи активно и Партијата за демократска акција - вистински пат, на второто гласање тоа го направи на најсвечен и активен начин и Републиканската партија на народното единство со нејзиниот дефакто третопласиран кандидат г-дин Тензи Бекљули и со неговото лично присуство и декларирање со неговите можни 270 гласа во вториот круг Ефенди Себахудин Махмуди ќе требаше да добие најмалку 5.347 гласа односно 487 гласа повеќе од г-динот Ризван Сулејмани.

Уште помалку значајно, научно дискутабилна анализа може да се направи и на 119 гласа кои ги доби на првото гласање кандидатот на СДСМ Ефенди г-дин Есад Рахиќ со потенцијалните гласачи Бошњаци муслимани реално, објективно би требало да му бидат приклучени на кандидатот на коалицијата на ПДПА и НДП, дефакто и РПНЕ и ПДАВП тогаш Ефенди Сабахудин Махмуди на второто и конечното гласање ќе требаше да добие 5.466 гласа односно со 587 гласа повеќе од кандидатот на ПДП г-дин Ризван Сулејмани.

III/3.-

Меѓутоа, и за жал за сите опоненти иако понатамошната изборна кампања и поддршката врз кандидатот за пратеник Ефенди Сабахудин Махмуди беше уште поинтензивна и зајакната близу двоструко и се очекуваше 100% триумфална регулативна победа на неуставен, незаконски и не регулативен начин се случи апсурдното, тоа што се наведува како мизерабал и фалсификаторско во политиката со чудниот осврт во негаторската смисла на зборот да на второто односно конечното гласање Ефенди Сабахудин Махмуди доби 4.403 гласа т.е. 684 помалку од првото гласање. Додека г-динот Ризван Сулејмани 5.601 глас т.е 731 глас повеќе од првото односно сега со 1.198 гласа повеќе од Ефенди Сабахудин Махмуди.

На ова не треба никаков коментар затоа што нема никаква логика, ни научна, ни уставна ни законска т.е. ни правна ни политичка. Ова нема никаков резон, а што има логика и резон и на овие балкански прилики, да има и ова. Значи, врз основа на резонот и логиката Ефенди Сабахудин Махмуди ќе требаше да победи најмалку со 596 гласа повеќе, а не наводно да изгуби со 731 помалку гласови и нормално и етичко нормално денеска ќе требеше ова Собрание да го верификува 1 неговиот заслужен пратенички мандат и од овој момент да им се придружи I на неговите прави народни пратеници, со прав пратенички мандат.

Три врсти на непобитни докази на нерегуларни избори.

За да се добие потполно јасна слика дека службените резултати посебно на второто гласање се во спротивност со законските и уставните одредби како и со најминималното етичко, морално однесување потребно е да се направи една многу кратка научно-правна и политичка анализа и тоа од три аспекти и насоки.    ј

Прво, од аспект на јавните информации.

Второ, од аспект на доказите на изборниот штаб, извиѓачите и активистите.

III/4.-

Трето, од аспект на личната перцепција, набљудување и опсервација.

Прво, додека објективните странски средства за информации за цело време на изборната кампања беа на страна на вистинските збивања во изборната единица 102 Дервен општина Карпош - Скопје, не само централните скопски мас-медии кои се потполно во рацете на Владата на РМ туку локалните беа под цензура, па дури платени со големи парични средства да ги ограничуваат до максимум активностите на кандидатот Ефенди Дабахудин Махмуди на коалицијата ПДПА-НДП Пратеничката група и другите активисти како и присуството на апсолутното мнозинство на избирачите на таа изборна единица и неговото проект - контра реагирање во полза на кандидатот Ефенди Сабахудин Мамуди,

Меѓутоа, и преку овие средства за јавно информирање се гледаше, слушаше, читаше и подразбирање јасно величината на едната и бедата на другата страна, кога и камерите се движеа до бесконечност и никако да достигнат да ги регистрираат на далечина на десетина и стотина метри избирачите на првата, а статички стоеле и броеле на место на еден агол затоа што немаше што да регистрираат, едно безначајно присуство на граѓани , повеќе министри, пратеници, менаџери, платеници на другата страна.

Второ, доказите на изборниот штаб, извиѓачите и другите активисти ги имаме во писмена форма со точни податоци од кои овој пат на кратко ги издвоивме. Изборите во оваа изборна единица "се карактеризираат со дејности и организирање кое претходно беше инсценира- но од страна на власта, Владата и од регрустираната регрутација која и служи како декор на македонската власт чија цел и главна задача беше инсценирање и демократијата во оваа држава и формирање на структурите на Албанците кои би ја верификувале дискриминаторската политика на македонската власт према албанците како и зајакнување на еднонационалната македонска држава.

III/5.-

Изборната комисија, избирачките одбори кои ги организирале изборите потполно беа во функција на актуелната власт и за цело време обавувале задачи на изборните штабови на Партијата која партиципира во власта. Ова се аргументира со дејствувањето и структурата на изборната комисија и избирачките одбори. Републичката државна изборна комисија по повод поднесените жалби од страна на изборниот штаб на полицијата на ПДПА и НДП оправдувањето на дејноста го основаше само на тоа дека имате право на жалба. Меѓутоа, се поставува прашањето кој ја разгледува жалбата кога членот на изборната комисија во проширен состав од страна на коалицијата ПДПА-НДП г-дин Џемалудин Идризи на терен забележува нерегуларности за време на гласањето во неколку изборни места и интервенира кај претседателот, меѓутоа, тој не презема никакви мерки.

Изборната комисија во исто време слободно може да се каже дека се идентификува со извршниот штаб на опонентите. Ова се гледа од фактот дека и составот од 9 члена вклучувајќи го и претседателот 7 беа од партијата на власта односно поточно речено на СДСМ. Членовите на Изборната комисија во проширен состав на коалицијата на ПДПА-НДП како за време на првиот така и за време на вториот круг на гласањето за време на посетувањето на изборните места забележуваа тотални нерегуларности во целата изборна единица, меѓутоа и на време инсистираше да се прекине гласањето. Меѓутоа, претседателот г-дин Вели Веда не преземаше ништо и дозволуваше да продолжи гласањето према претходното подготвено сценарио од страна на власта и од страна на изборниот штаб на нашата коалиција со полна одговорност наведува дека имаше за цел да по секоја цена со помошта на сите механизми да се оневозможи победата на кандидатот Сабахудин Махмуди.

III/6.-

Само уште некои поконкретни докази. Во изборните места број 75,76 и 77 Сарај за време на второто гласање имаше некои нерегуларности од страна на избирачките одбори. На пример,бро број 76 претседателот на избирачкиот одбор г-дин Бахи нашиот извиѓач го фаќа со 10 гласачки ливчиња кои лично ги заокружил и ги ставил во сандачето. Во број 75 се гласаше само со -покани без идентификување на избирачите. Во број 77 се врши притисок врз извиѓачите и се гласа со фалсификувани документи кое го овозможува одборот.

Ваквиот мозаик го потполнува и учеството на полициските органи во и без униформа. Тука се забележуваат некои Коки кој лично врши притисок додека неговата пратечка гарнитура одела до куќа до куќа кај не Албанците и со употреба на сила им ја наметнува задачата на владиното сценарио како да гласаат.

Избирачкото место број 78 - Љубин претставува уште еден случај кој нема никаква врска со демократијата. Во школскиот двор се импровизира бифе каде селскиот поштар се претвара во улогата на агитатор, претставата каде се гласаше и во пијана состојба ги малтретираше избирачите со притисок да гласаат за кандидатот на коалицијата на СДСМ.

Избирачкиот одбор дозволува да гласаат избеглиците од Босна и Херцеговина и еве какви се конечните резултати. Од 866 избирачи запишани во избирачкиот список гласале 831 или 96% што е парадоксално бидејќи мнозинството уште го немаат решено државјанскиот статус. Изборните места број 79 и 80 Глумово и Грчец за цело време на гласањето полицијата во униформа вршеше притисок и врз извиѓачите на ПДПА-НДП, ги посетувале и министри на македонската власт од албанско потекло, ги посоветувале избирачките одбори со тоа дека власта е со нив и дека тие се со власта.

III/7.-

Изборно место број 81 - Шишево го носи епитетот на полициското изборно место. Тука шефот на полицијата диригира тотално со избирачкиот одбор чиј претседател прашува дали гласале сите запишани избирачи и дали треба да интервенира од куќа во куќа кај тие што не изглегле на гласање, додека претседателот на избирачкиот штаб на ПДПА-НДП го осудува.

Изборното место број 87 -Буковиќ изборниот одбор дејствува према диригирањето и инструкциите кои доаѓале од близината на салата. Се гласаше еден за повеќе избирачи и за такви кои се наоѓаат на работа во странските држави. На извиѓачите им се оневозможува да ја обавуваат нормално нивната должност. Над 100 гласачки ливчиња се фрлаат како вишок во моментот кога се избројуваат истите. Тотална нерегуларност и хаос кога не беше истоветен бројот на гласачките ливчиња со бројот на запишаните избирачи. Избирачкиот одбор не ги внесе забелешките од Записникот.

Изборни места број 92 и 93 - Чајлане и Семениште. Се гласаше на ист начин еден за повеќе. Екслузивни гости во салата каде се гласаше полицијата во цивилно, членови на претседателството на партијата на власт и други владини соработници. Се беше во рацете на избирачкиот одбор, додека во Семениште претседателот во штабот на ПДП врши дури исправка односно фалсификување на записникот.

Изборно место 91 - Ласкарце. Семејството Зибери и неговата гарнитура е во избирачкито одбор, се гласаше како сака Владата, гласа еден за повеќе, гласаат над 80%, се гласаше и за избирачи кои се наоѓаат во странство и тука со притисок.

Изборно место 90 - Бојане. Ист притисок, присутна полицијата со и без униформа, се купувале гласачки ливчиња.

III/8.-

Изборно место 95 и 96 - Рашче. Болен човек кој по законот нема право ни сам да гласа, раководи со одборот и Бериша и полицискиот соработник гласаат за повеќе избирачи.

Накратко, имаме точни информации дека избирачките одбори освен што беа составени 99% од редовите на партијата на власта тие беа и наоружани како на пример во Рашче, Бојане, Буковиќ, Чајлане и речиси во сите изборни места. Над се, во оваа насока вината ја сноси Министерството аз внатрешни работи. Улогата на психичкиот притисок ја одиграле министрите од албанско потекло некои нивни соработници додека телохранителите на народното предавство беа во нивна перманентна служба.

**САЛИ РАМАДАНИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Трето, од аспект на лична перцепција, набљудување и опсервација и на сите докази мојата лична перцепција, набљудување и опсервација за девет масовни митинзи во шест изборни места на првото и второто гласање во изборната единица број 102 Дервен - општина Карпош - Скопје само за ова би напишал една дебела книга по овој повод многу концизно. Бев поканет да присуствувам на сите одржани собири, меѓутоа, успеав да одговорам на девет на кои по едногласното барање на избирачите одржав девет кратки, но значајни говори. Слично дејствуваа и 10 до 15 челници на коалицијата на ПДПА- НДП потоа РПНЕ и ПДА ДП, како и пратениците на мојата пратеничка група на ПДПА-НДП. Меѓутоа, на сите нас се одликуваше кандидатот за неспорна победа на коалицијата на ПДП-НДП Ефенди Саба Махмути. На овие собири учествуваа најмалку 5 до 7 илјади избирачи со реална можност пред, за време и по одржувањето на овие митинзи, пред, за време и по одржувањето на гласањето, како и ден денеска и во иднина расположението на апсолутното мнозинство, односно и над 90% на избирачите - албанци на оваа изборна единица беа, се и ќе останат со дефакто, па и дејуре со правиот пратеник Ефенди Саба Махмути со коалицијата, односно четирите збратимени партии и со нашата пратеничка група. Денеска тој ќе беше и требаше да биде во овој Парламент и физички присатен и токму нему во овој момент само формално и тука да му се верификуваше заслужената пратеничка кандидатура. За жал, и тоа не за него и за неговите избирачи, туку за овој дом и за оваа држава Ефенди Саба Махмути само физички недостасува, бидејќи и тој и избирачите и партиите и неговите колеги пратеници, а по се и сите се само не само морални, туку и реални победници затоа што Дервен веќе и дефакто и дејуре е и со него и со нас.

IV/2.-

Стручњакот за шеријадско и компаративно меѓународно право од познатиот Каирски универзитет му беше и му е многу потребен и не само на избирачите, партиите и пратеничката група, туку и за целиот овој дом и за државата. Ако некои мислат дека тој "изгубил" тогаш нека мислат слободно дека "изгубија" и неговите шест колеги пратеници од пратеничката група што ќе беше не само шега на годината, меѓутоа, се поставува прашањето зошто се ангажираше толку целата владина машинерија на Република Македонија против реалниот и моралниот победник на овие избори. Одговорот сам по себе е многу јасен. Накратко да наведам само неколку причини.

Прво, Ефенди Саба Махмути имаше понуда да се кандидира за пратеник во оваа изборна единица уште за време на првите плуралистички избори од 1990 година како кандидат на тогашната ПДП и НДП додека за време на последните избори во 1994 година скоро сите партии на албанците, но нему не му одговараше тогашната состојба и меѓупартиските односи и ги одбиваше сите овие понуди.

Второ, кога веќе се изјасниja некои недоразбирања и кога само како коалиција кандидатурата ја понудија ПДПА и НДП иако против неговата лична желба само за да го даде својот придонес за оваа изборна единица Дервен - општина Карпош - Скопје и Република Македонија пристана на овие дополнителни избори.

Трето, од горе изнесеното логично произлегува заклучокот дека кога при наводно реконструирањето на илегалната Влада на Република Македонија дотогашниот пратеник и во претходниот состав што е избран уште на првото гласање како и неговата партија под претпоставка дека ова пратеничко место не може да се загрози ниту им паѓало на памет дека токму сега може да се кандидира за пратеник човек од таков калибар и таков неприкосновен авторитет како што е Ефенди Сабахудин Махмути.

IV/3.-

Четврто, кога опонентите од сите бои беа увиделе дека ова им дојде како бумеранг кога се изненадија, а посебно по убедливата победа на првото гласање на Ефенди Сабахудин Махмути ја прекинаа нормалната изборна кампања и целата владина и управна машинерија ја насочија кон бескрупулозна и недозволена незаконска и противуставна агитација и со негативен притисок, невиден притисок, мито, измама, фалсификување и тн.

Петто, на опонентите им беа доста скратени надежите и кога за време на првиот круг на свечен начин и за време на одржувањето на масовниот митинг за нашата парламентарна група се пронунцираше и пратеникот Сами Ибраими од изборната единица Чаир Скопје, а сега веќе ја изгубија еднаш и засекогаш бројот 102 стратегискиот терен Дервен општина Карпош - Скопје, па затоа за време на вториот круг со директна помош на владината коалиција не бирале никакви средства само да дојдат до некаква победа, па било каква да е. Легитимната Влада со опонентите претпоставиле и на тоа дека со доаѓањето на Ефенди Сабахудин Махмути во редовите на пратеничката група на ПДП-НДП бројот на избраните пратеници на партиципиентот би се равнал, а наместо двајца украдени од НДП неколку од нивните најавуваа приклучување во нашата парламентарна група и тогаш со најмалку 10 пратеници во наша полза ќе имавме други релации и други констелации на силите во цела Република Македонија.

Седмо, и на крајот, бидејќи Македонската телевизија ги снимаше во целина скоро сите наши митинзи и тоа не да ги објавува и емитува, туку да им ги предаде на претпоставените тутори за да се подготвуваат за контра активности опонентите беа запознаени дека кога ќе се појавеше прв пат на говорница на Собранието на Република Македонија Ефенди Сабахудин Махмути и како професор за арапски јазик по

познатиот увод од Куранот (чита на арапски), ќе продолжеше да зборува на албански јазик точно од таму каде во свое време стави запирка, а не точка неговиот претходник, а по него и во негова чест и сите други пратеници од пратеничката група на ПДПА - НДП како се договорени врз основа на уставните и деловничките одредби.

Поради гореизнесените факти и причини на овој дом во името на пратеничката група на ПДПА - НДП му предлагам врз основа на член 10 од Деловникот на Собранието на Република Македонија Предлогот за верификација на пратеничкиот мандат да не го усвои, туку да го одбие. Изборите во изборната единица 102 Дервен - општина Карпош - Скопје да се повторат во потполно изменет состав на Изборната комисија и избирачките одбори, а и Републичката (Државна) изборна комисија. Против носителите на овие нерегуларности да се покрене под итно дисциплинска, прекршочна и кривична постапка.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници.

Немам намера надолго и нашироко да одговарам на обвиненијата на тие кои имаа право да се лутат затоа што поразот секогаш не се прима лесно, но во секој случај мислам дека некои работи треба да се кажат само заради вистината. Пред се се прашувам и самиот а претпоставувам дека и сите други кои се присутни тука, а и тие што евентуално ќе имаат можност да ги слушаат овие обвиненија или да ги

прочитаат дека како е можно доколку сето ова е точно, доколку сето ова е вистинито што беше изнесено од страна на мојот колега пратеник кандидатот на коалицијата од четирите партии да добие околу 5 илјади гласови. Покрај сите тие махинации кога би било сето тоа вистинито, навистина нивниот кандидат не би требало да има никакви шанси во конкуренција со овие мафиози, како што излегува дека се во борбата за превласт во оваа изборна единица.

Сметам дека во најмала рака ова е претереано, а во одре- ден број на случаи токму партиите кои ја сочинуваат коалицијата се истакнуваа со големи нерегуларности, а на некој начин ме зачудува зошто кога ги брои сите тие изборни места каде одѕивот на гласачите бил многу висок не го набројува и местото Арнакија ка- де во изборите учествуваа над 98 избирачи. Мислам дека и ова тр ба да се спомне како феномен кој беше присутен во овие избори масовното излегување на избирачите.

Инаку, за сето ова што се случува и се случуваше таму и што ќе се случува и понатаму, мислам дека овие партии кои се соединија со една единствена цел да ја срушат Партијата за демократски просперитет што е еден континуитет во нивното политичко делување затоа што овој проект за елиминирање на Партијата за демократски просперитет не е нешто ново, тоа е нешто што почна да се случува некаде пред три-четири години кое продолжува и денеска, а бидејќи на тие кои го замислија овој проект не им беше доволна само една ваква поделба, па истовремено активираа и друга поделба на верската организација на албанците од исламската вероисповест кои за среќа не успеаа до крај да ја спроведат оваа нивна замисла.

IV/6.-

На крај би сакал да кажам дека зад овој нивен пораз стојат и те како политичките причини, а тие политички причини се опциите кои ги нудат овие две политички групации. Партијата за демократски просперитет која е профилирана со свои политички погледи во однос на настаните кои треба да се одвиваат во оваа држава и другата групација која се собира сега и која нуди алтернација на овие гледања. Мислам дека овде е одговорот кој го добија од избирачите и кој, јас се надевам, дека и понатаму ќе го добиваат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, господинот Сали Рамадани предложи да се одложи верификацијата на мандатот на пратеникот.

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (5 пратеници).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Молам пратениците да влезат во салата.

Го ставам на гласање Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања.

Кој е за Извештајот и Предлогот, молам да крене рака? (78 пратеници).

Дали има некој против? (5 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатот на пратеникот Ризван Сулејмани.

IV/6.-

На господинот Сулејмани му честитам и му посакувам успешна работа во Собранието.

(Верификацијата беше пропратена со аплауз).

Преминуваме на втората точка од дневниот ред - Предлог на закон за јавни патишта.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Денеска го гледаме Предлогот на закон за јавни патишта. Сигурно доаѓаат разно разни оценки и она што беше забелешка од многуте комисии во самиот Нацрт, добар дел се вградени, но самиот закон има свои пропусти, еден од битните пропусти е тоа што овој закон дава уште една поголема централизација и концентрација на власта, односно на Владата. Со самото применување и згаснување на Републичката СИЗ со формирање на Фондот, Фондот го бира Владата, Управниот одбор, т.е. и членовите ги избира Владата, се поставува едно прашање дали не оди Владата предалеку со ингеренции- те, бидејќи треба да се размисли дека овој закон не се прави за оваа власт, туку за многу години натака и што би било кога би дошло до промена на власта, дали не се става една голема централизација и концентрација да одлучува по многу клучни прашања при распределбата на средствата и самиот министер.

IV/7.-

Бидејќи министерот не беше присутен на работа на комисиите, сигурно ќе дадеше образложение по многуте членови затоа што останува да виси и друго отворено прашање каде ќе се враќаат собираните средства.

V/1 ПЈ/НД

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ**: (Продолжение)

Од членот 106 каде што се прави распределба на средствата 65,15 и 25% останува отворено прашање како ќе се враќаат средствата на општините Дадено е таму во став 2 дека средствата ќе се враќаат по изготвена програма која ќе ја одобрува министерот. Ми се многу нејаснотии, бидејќи не се дадени некои критериуми, како ќе се собираат средствата него како ќе се враќаат дел на средствата на општините. Во многуте амандмани кои задираат во членот 106 се поставува отворено прашање дали нема разграничување или пак е исто да фондот одлучува овие, за средствата за локалните патишта и за улици кои само би изгледале дека се таксативно наброени. Зошто? Затоа што Фондот ќе одлучува, односно министерот со неговото дискреционо право ќе одлучува каде и која програма ќе ја усвои или ќе ја верификува. Што може да се случи. Може да се случи по волјата и барањето на министерот да ја усвои програмата од било која општина, од политичка припадност, дури да ги префрли средствата на 31.12. Што значи дека целата тековна година би поминала така, а знаеме кога се работи за изградба на улиците, изградба на патиштата мора да се дадат термините и роковите во кој дел може да се работи од годината. Знаеме дека не може да се работи во зимскиот период изградба на локални улици и локални патишта. Предлогот беше да дојде до распределување на оваа дадена замислена бројка за магистрални и регионални патишта 65%, за локални патишта 15% за улици 20%. Замерките беа дека не може да се формираат, умираат сега фондовите, општинските фондови, кои треба да бидат за изградба на улици, така што тие згаснуваат и директно ќе се префрлаат на општините. Многу нејаснотии во членот 106. Сигурно дека ќе стане

V/2.-

министерот и ќе ја објасни оваа работа зошто е ова така направено, се даваат преголеми овластувања на министерот. Да се разбереме министерот нема да биде од оваа политичка партија СДС во наредните 50 години, ќе дојде до промена, се дава преголеми овластувања и постои отворено сомнение дека може да се искористат. Бидејќи може да се случи по носење на овој закон, може да се случи да бидат злоупотребени средствата за претстојните локални избори. Сигурно дека ова министерот ќе го потврди и ќе каже дека ова не е точно. Но нелогичноста ево тоа што се залагаме за нова територијална поделба и нови општини. Како ќе ги градиме тие, да кажеме улици во новите општини. На Комисија ни одговорија, е видете таму има малку луѓе нема ни улици, дајте сега да ги поделиме средствата, од улиците кои се наменети на собранијата, ќе дадеме за локални и за селски патишта. Сега како ние ќе правиме нови и урбани општини нови без улици. Не знам ова ќе биде нешто интересна тема и за Европа. ВО она што реков дека се оди на распределбата на средствата и она што Фондот,т.е. Владата не дава никаде отчет. Не знам каде се јавува сега, во која улога се јавува улогата на Парламентот. Ако Владата донесува програма, ако Владата го именува директорот на Фондот, ако Владата ги бира членовите на Управниот фонд, ако си ја усвојува програмата каде е улогата на отчетност на Парламентот. Бидејќи Парламентот во оваа улога би бил занемарен. Сигурно треба, ако е дадено во член 96 дека дел од средствата кои се собираат по пат на акцизи, а кои влегуваат во Републичкиот буџет, а знаеме дека сите средства кои влегуваат во Републичкиот буџет на крајот на тековната година се дава баланс и ребаланс на буџетот, се дава отчет. Тогаш зошто се ставени средства од акциите да влегуваат како изворен дел на приход на Фондот, а не се дава отчет. Мислам дека ова е нонсенс.

V/3.-

Мора да се дава отчет дали на некое тело, дали е комисија, мислам дека и ова прашање ќе одговори министерот. Инаку, реков во самиот текст има доста подобрување, се вградени добар дел на предлози од матичните комисии. Сигурно дека министерот ќе прифати добар дел на предложените амандмани, но останува како генерална забелешка дека се даваат преголеми овластувања на Владата т.е. на фондот при изборот, односно при користење на средствата и при онаа фалинка давање на отчет на Парламентот. Не знам дали или сигурно министерот ќе ги објасни критериумите по кои критериуми ќе се врши распределба на средствата кои се наменети за општините т.е за локалните патишта и улици, бидејќи таму нема некои критериуми, не е спомнато или е тоа новина на Владата со нов подзаконски акт, кој нема никогаш да дојде. Не знам, јас очекував дека министерот ќе земе прв збор и ќе даде едно уводно излагање така што го задржувам правото по објаснувањето на законот на министерот да продискутираме. Бидејќи ова сега ако го дискутираме, можеби ќе биде интегрално овој составен дел министерот ќе дадеше по објаснување, можеби не требаше да дискутираме.

Би го замолил министерот да излезе и да ја објасни оваа работа. Друга работа која треба да се спомне, таму се зборува за програма. Ние бевме сведоци при избор на Владата, тука многу пратеници од десната страна на СДС, господин Чифлиганец и ред други работи кои викаат дека програма Владата ќе направи за 3 0 дена, фала богу не е добиена програмата, нема да ја биде, ниту ќе ја биде. Исто ќе биде и со програмата, бидејќи добар дел од пратениците од СДС викаа,убедуваа, еве ние даваме рок на Владата 30 дена, ако Владата не даде програма за работата на Владата, ние самите тие ќе бидеме кои ќе поднесеме да се бара отчетност на Владата. Еве поминуваат веќе 100 дена, сигурно и ова прашање ќе го одговори министерот. Си го задржувам правото по уводното излагање на министерот да се јавам за збор.

V/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Секако дека ви припаѓа.

Господин Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, комуникациите се еден од поважните фактори, кои што го одредуваат односно го зацртуваат, ја зацртуваат развојната политика на една држава и не еднаш е докажано дека земјите кои претендираат да обезбедат економски растеж, неопходно треба да обезбедат добри комуникации во оваа смисла посебно важни се покажале јавните патишта кои што во сегашната организација на превозот на патници и стока во Републиката имаат исклучителна важност и со право овој закон привлекува големо внимание на јавноста. Од расправите што се водеа по собраниските комисии, а и во претходната фаза може да се заклучи дека е понуден закон кој што на задоволителен начин ги третира овие прашања, поврзани со изградбата, реконструкцијата, одржувањето, заштитата на патиштата, на јавните патишта и е добар предуслов за подобрување на состојбите во оваа област. Но, во тек на собраниската расправа беше забележително дека, барем таков впечаток добивме ние во Комисијата за урбанизам и градежништво, дека не во доволна мера е консултирана науката односно Факултетот за градежништво. Сметам дека во иднина при вакви проекти како што е овој закон и овие научни институции треба да бидат консултирани за да се одбегнат евентуално некои пропусти, кои што барем беа изнесени од страна на претставникот на факултетот, а кои што за нас како лица кои што не до крај се упатени во стручните димензии на овој закон, не можевме да се произнесеме.

Во предложениот закон за јавни патишта и покрај тоа што се инкорпорирани голем број забелешки кои беа изнесени во претходната

фаза, сметам дека има простор со одредени интервенции односно со одредени објаснувања од страна на предлагачот да се појаснат некои работи и да се подобри предложениот текст на законот жи да се подигне неговиот квалитет. Тука, пред се, лично јас мислам дека и од страна на членовите на Комисијата за сообраќај и врски беше поддржано едно такво размислување, можеби е добро да се изврши мала дисперзија на надлежностите, кои што ги има. Имено, од концептот кој што е понуден се гледа дека сите конци се влечат од Владата. Имено, и членовите на Управниот одбор се именуваат од Владата и директорот на Фондот и основачот на јавното претпријатие е Владата а и надзорот се врши од страна на министерството, односно пак од Владата. Сметам дека тука има простор и место да се направи една мала измена. Тука, пред се, мислам на тоа директорот на фондот го именува управниот одбор пак на предлог на министерот за сообраќај и врски. Тука на некој начин сметам дека ќе се воспостави таа неопходна поврзаност помеѓу управувањето и раководењето, односно помеѓу овие органи кои што се упатени да ја спроведуваат и реализираат овие задачи од областа на јавните патишта.

Во насока на обезбедување на транспарентност на критериумите под кои ќе се доделуваат средствата на општините, односно на единиците на локалната самоуправа, сметам дека би било пожелно да се воспостави еден однос помеѓу Министерството односно фондот и јавното претпријатие за одржување на патиштата, со вклучување ако не со друго, барем за информирање или за добивање на мислења на матичните собраниски комисии, со што на некој начин ќе се обезбеди и јавност и ќе се вклучат и тие делови од Собранието кои што не се актуелно претставени во власта. На тој начин сметам дека ќе се одбегнат незадоволствата кои што евентуално би биле пројавувани од страна на

определени општини, а и како што реков во почетокот би се обезбедила транспарентност во градењето на критериумите и доделувањето на средствата. Се разбира ова што го кажав сега тешко е да се преточи во законска одредба, во амандман или нешто друго, јас пред се тука апелирам до министерот за воспоставување на еден однос помеѓу министерството, фондот, јавното претпријатие за патишта и собраниските комисии каде што благовремено би се доставувале програмите и извештаите за работа на дотичните органи. Мислам дека овој начин на комуницирање во голема мера би придонело за да се избегнат незадоволствата кои што евентуално би можеле да бидат манифестирани, кои што од страна на некои членови од Комисијата беа потенцирани.

Понатаму, сметам дека од страна на Министерството, односно самото министерство треба да обрне поголеми внимание на една одредба која што и во досегашната практика постоела како одредба,но била многу тешка за реализирање. Имено се работи за член 95 и за надоместок на штета на корисници, кои што претрпуваат поради ненавремено или не благовремено или несоодветно одржување на патиштата. Сметам дека во оваа смисла Министерството треба да го задолжи претпријатието кое што е задолжено за одржување на патишта да склучи договор директно со осигурителна куќа преку која што оштетениот корисник на патиштата директно ќе ги остварува своите права а не по судски пат по многу комплицирана процедура каде што веднаш се губи желбата да се оствари надоместокот, додека на овој начин многу на полесен начин би се остварила целата таа работа, добивајќи третман на една сообраќајна незгода по вина на јавното претпријатие, кое што е задолжено за одржување на патиштата.

На крајот би сакал да кажам дека ја поддржувам распределбата која што е понудена во член 106 по однос на акцизите и средствата од

акцизите и регистрацијата и сметам дека не треба да се навлезе во промена на овие соодноси, претпоставувам дека зад овој понуден сооднос е добро пресметана фактичката состојба со патиштата и дека некое нарушување не би било пожелно.

На крајот, бидејќи зборуваме за многу важна област од развојот на државата, сметам дека министерството кога веќе се занимава со овие работи, мислам дека треба да определи една стратегија за развој во овие области, пред се давајќи им предност на другите начини на превоз на стоки, пред се тука мислам на железничкиот превоз, кој што во Републиката битно заостанува, а кој што во многу држави има многу поголема важност, отколку што е тоа кај нас. Сметам дека на ова прашање треба да се обрне внимание, бидејќи состојбите кои што се присутни сега и фаворизирањето на јавниот превоз, друмскиот превоз по патишта не е нешто кое што е нешто најпожелно и најприфатливо за нашата држава.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Арсовски има збор.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Бидејќи не сум стручен во оваа област, меѓутоа практичната страна посебно ме иритира и би сакал така нешто да укажам на одредени проблеми во врска со локалните улици односно во населените места.

Пред малку мојот колега кажа дека не треба да се менува оној член 10 6 токму заради тоа што е до крај прецизирано математички на потребите, она што значи локални патишта, она што значат улиците и она што значат магистралните и регионалните патишта. Токму напротив, мојата констатација е сосема друга и лично сметам дека предлагачот

на законот мора да ја има предвид таа практична состојба, заради тоа што на сите нас општо е познато дека локалните патишта во било која социјална средина се наоѓаат во многу лоша' положба. Вака како што е поставено и со претходниот закон, меѓутоа и сега што се нудат решенијата се плашам дека локалните самоуправи можат да обезбедат доволно средства со ова 15% колку што се издвојуваат за да направиме квалитетни локални патишта или да ги одржуваме тие патишта.

Од практична смисла ќе ви кажам сега за еден регион во Куманово, можам лично слободно да кажам дека нема локален пат во дадениот момент кој е во исправна состојба. Сите се, да не кажам нарушени, а да не зборуваме дека она што сме вложиле некое време во градење на тој пат сега сме допуштиле да има таму хаос и тврдам барем за кумановските услови дека ниту еден пат има своја банкина, ниту пак некој го контролира тој пат на кој начин се одржува и кој тоа треба да го прави. Добро е што законодавецот овде прави напори дека тоа треба да го прави соодветен орган по вертикала Министерството. Засега, барем според мое убедуваше лично тие локални патишта не ги одржуваме.

VI/1/СС/лј

**БРАНКО АРСОВСКИ:** (продолжение)

Слична е состојбата и со улиците. Еве, погледнете во било кој град во Македонија, па еве и во нашиот главен град во Скопје ќе потврдите дека улиците се хаотични. Практично дури по некои Европски не стандарди би требало да бидат и употребливи заради тоа што не само што ги амортизираат возилата и тн. итн., тие многу негативно влијаат на севкупниот сообраќај во Република Македонија.

Ако го погледнеме образложението на стр. 2 ќе видите колкава должина имаме на локалните патишта. Овде е зацртана некоја бројка, барем законодавецот така кажува 4867 од кои 60% не се асвалтирани. Тоа е една голема бројка. Кога ќе си преставам што значи тоа 60% за Куманово, мислам дека е хаос, мислам дека после 10, можеби 15 години не ќе имаме услови да направиме таков пат или да го одржуваме тој пат. Е х сега, незнам ова самофинансирање дали влегува во тие 15% или е тоа исклучиво наменето само за магистрални и регионални патишта. Добро, пишува тука. Сега, ако постојат некои услови тука, добро би било.

Кога зборуваме за улици, 2378,5. Исто од тие 26% практично неасфалтирани. Се прашувам, еве, г-дине министре, дали во оваа ситуација со едно вакво решение што го имаме во член 10 6 можеме до крај навистина рамноправно да ги разрешуваме проблемите заради тоа што според мое убедување, нестручно убедување, меѓутоа како граѓани кога патував по магистралните и регионалните патишта, тие се во многу поповолна ситуација од патиштата на локално и друго ниво. Верувајте дека локалните патишта претставуваат голема артерија за сите населени места што треба да одат во некоја урбана средина.

Јас се плашам, еве ние во Куманово, со овој закон, со овие 15% да правиме некаква политика за регионални патишта е многу е многу многу

недоволна и се плашам дека пак ќе газиме во кал и дека пак ќе имаме, да не кажам патишта со големи дупки итн., итн.

Кога одам во моите изборни места и оние што ги поврзуваат и другите, ќе видите дека ниту еден пат не е во исправна состојба за користење. Би молел, добро е тоа што веќе има поднесено од Либералната партија, од неколку пратеници овој соoднос да се измени. Тоа би било и мој предлог во член 106 да биде 50%:50%, 50% за магистралните и регионалните патишта а 50% да бидат наменети за локалните и за улиците. Ако немаме добри улици, каде ќе се движиме. Практично тоа не е урбана средина, а гледате дека добивме и некој, да не кажам негативен однос кон тоа колку сме урбанизирани на едно европско ниво. Тогаш ќе ни завидат колку сме ние урбанизирани со квалитетни улици во инфраструктурата за да можеме да ги користиме.

Да не ве гњавам понатаму, лично сметам дека треба да се направат напори да се прифатат предложените амандмани, бидејќи јас не можам да интервениртам. Еве, доста е поднесен еден таков амандман, меѓутоа, да се прифатат овие амандмани поднесени од пратениците од либералната партија, неколку пратеници потпишаа таму и тој однос е 20:25%. Така што лично сметам дека ќе се ублажи оваа положба на локално ниво и ќе ги подобриме, да не кажам артериите, во самата градска средина.

Една моја генерална забелешка во однос на формирање на овие јавни претпријатија, у патена до Владата. Стана некакво помодар.- ство формирање јавни претпријатија. Се плашам дека со формирање на јавните претпријатија може би ќе ја зголемиме администрацијата и ќе дојдеме во позиција повеќе да трошиме пари за службеници и за други технички и други потреби отколку што тоа треба да го применуваме за патишта и за други. Гледам за урбанизам и друго. Се плашам, наместо

да ја намалуваме јавната потрошувачка во јавната управа со проширување на тој број, ние сега пак предлагаме некои однос по вертикала од Републичко до општинско ниво.

Еве, уште една замолница, дали може овој член 106 да се коригира. Инаку, во целина, морам да кажам дека законот според мене ги задоволува потребите и на некој начин ги регулира потребите во оваа сфера. Има, многу квалитетни промени во однос на претходниот закон. Така што гледам дека ќе имаме шанса најверојатно и да ја подобриме состојбата. Меѓутоа, финансовиот аспект лично сметам дека треба да се користи до крај, односно да се изврши една мала измена.

Благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министре, не би сакал да се повторувам после излагањето на моите колеги пратеници и само би се осврнал на односот околу квалитетот на живеењето во однос на патната мрежа, комуникациите воопшто. Мислам дека претходникот зборуваше за тоа дека во секој случај, го поддржувам односот да се измени во корист на локалната патна мрежа и само во однос на локалната патна мрежа.

Мислам во минатото, заслуга е голема што имаме, бар за мене, па мислам дека се магистрални патни правци во една добра состојба, развиена патна мрежа, барем што се однесува до магистралните патни правци во Македонија. Со тоа можеме да се пофалиме и надвор од Републиката. Тоа е факт.

Меѓутоа, од друга страна локалните патни правци што обез- бедуваат квалитетен живот на поголем дел на наши граѓани не се во

таква состојба да можат да обезбедат нормално одвивање на сообраќајот, а со тоа зголемување на квалитетот на живеењето. Ова, од следниве причини:

Во една фаза на развој на државата изградивме повеќе патни правци од локален значај. Меѓутоа, тука се правеа големи грешки бидејќи се правеа локални правци, асфалтирани, но со широчини што дозволуваат од 3 метра, 4 метра. Беше градена една мрежа на локални патни правци што обезбедуваше решавање на постојната состојба, меѓутоа, во сегашни услови тоа е недоволно.

Што би сакал да кажам со ова? Сакам да кажам дека сега треба да имаме таква локална патна мрежа што ќе обезбедува и автобуски превоз до населените места. Да бидат поконкретен, во околината на Скопје, имаме огромен број села кои имаат одредени локални патни правци, но тие не се ниту по еден стандард доволни по нив да се движи градски сообраќај. И, што се случува? Ние имаме патни правци, тие се евидентирани во некоја документација, меѓутоа практично селаните одат уште со магариња и коњи во Скопје.

Значи, од една страна имаме магистрални правци што се од висок ранг, зборувам за автопатиштата во Македонија, а од друга страна имаме локални патни правци што фактички се неупотребливи за масовен превоз на патници и стоки. За пример само ќе кажам уште еден пример, во Ново Село - Волково. Секој од вас минал таму. Тоа е пат од локален значај. Ве уверувам дека во Македонија па и во Скопје нема улица што е поангажирана од сообраќаен метеж него што е овој патен правец. Овој локален патен правец нема ниту доволна широчина, ниту банкина, ниту тротоар за ученици, кои од три осмолетки се движат на тој потег.

Сега, на крајот да бидат концизен да кажам дека ја поддржува иницијативата и сум еден од иницијаторите овој сооднос, издвојување на пари за регионални и магистрални патишта со локалната патна мрежа се

VI/5.-

избалансира и ние фактички да дојдеме до некој степен на развој н а магистрална патна мрежа на која што повеќе се потребни помалку средства за нејзин развој, а од друга страна одиме сега на територијална поделба на развој на локална самоуправа, на сите наши граѓани во сите населени места ветуваме еден живот и стандард кој обезбедува комуникација преку врски,јавна комуникација и патишта и овој однос да придонесе локалниот да се покачува и со тоа да се избалансира состојбата во Републикава. За мене најтрагично е на пример да комуницирате преку мобилен телефон од својата кола со Њујорк, а исто времено да праќате порака до село Ласкарци преку некој коњаник. Таа успоредба. Значи, ние мораме да избалансираме во секој случај средства што се издвојуваат за регионалните и магистрални патни правци, тие да бидат во некоја корелација за развој на нашите населени места, нашите села да добијат квалитетен пат, а со тоа и квалитетен живот. Со тоа решаваме низ други проблеми од сферата на социологијата, економиката, миграцијата и се друго.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Коцевски има збор.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и г-да,

Би сакал во кратки црти да изнесам дел од моите запазувања по предлогот на овој закон, како и дел од размислувањата и ставовите утврдени на вчерашната седница на Комисијата за градежништво и урбанизам.

Лично сметам дека предлагачот на законот направил голем напор во овој текст на законот да ги вгради забелешките што беа изнесени во претходната фаза на законот., Овој закон е во значителна мера подобар од постојниот закон и покрај тоа што сметам дека некои битни прашања се уште концепциски не се разрешени.

VI/6.-

Тие концепциски неразрешени прашања предизвикуваат да има одредена конфузија во самиот текст на законот. од тие причини ќе се обидам д дадам свој придонес и се надевам дека дел од тие работи ќе бидат разбрани, прифатени од страна на министерот.

Прво, може би не е суштинска забелешка, мислам дека терминологијата што се користи во членот 3 од Законот е застарена. Веројатно е препишана од стариот, Сојузен, југословенски закон за патишта. Во моментов, во повеќето држави посебно од Западно -европската унија се користат малку поинакви дефиниции за утврдување на карактеристиките односно елементи што ги дефинираат патиштата како сообраќајни објекти, во сите држави па и во РМ. Вчера се обидовме да направиме напор дел од тие работи да се коригираат. Меѓутоа, толку многу забелешки имаше што едноставно беше невозможно тоа да се направи.

На пример, сосема погрешни дефиниции и испуштање од содржината на одредувањето на тие карактеристики и направено кај планумот на патот. Терминот "пешачка патека"е потполно испуштен од дефинирањето. Веројатно е поистоветен со терминот"тротоар", иако се работи за две сосема различни карактеристики.

Исто така се испуштени два многу важни елементи за патиштата. Тоа е слободниот профил и сообраќајниот профил. Не знам деловнички дали има можност тие работи, можеби до објавување на законот во службениот весник, евентуално да се коригираат.

Исто така имаше ставено забелешка, претпоставувам дека министерот ќе се согласи во делот каде што се зборува за концесијата за издавање на користење, односно изградба на автопатите и други патишта, дека рокот даден за концесија од 15 години е премал за да биде стимулативен, за да може да привлече странски концесионери кои би биле заинтересирани да вложуваат во изградбата и користењето на јавните патишта во РМ. Од тие причини предлагаме периодот да се зголеми на 25 години.

VI/7.-

Исто така, една сериозна дилема е во врска со управувачката функција врз јавните патишта во РМ, иако управувачката функција е спомната во членот 1 од овој закон во основните одредби никаде понатаму во текстот, како надлежност, управувачката функција не е наброена ниту во надлежностите на Фондот за патишта ниту во надлежностите на Јавното претпријатие. Може би е тоа направено свесно затоа што Владата се плаши и предлагачот дека може утре од Уставниот суд да биде поништено, затоа што е дискутабилно дали фонд за патишта може да има управувачка функција во своите надлежности. Меѓутоа, вреди министерот да размисли во врска со оваа слабост на законот.

Се согласувам со г-динот Дамевски кој малку зборуваше на темата во врска со управувањето над јавните патишта. Сметам дека таа пракса што досега постоеше со стариот закон Собранието на Република Македонија да утврдува односно да дава согласност на програмата за изградба на патишта што сега е одземено од надлежноста на Собранието и во потполност е пренесено во надлежност на Владата на РМ, значи давање на преголеми ингеренции на Владата на РМ затоа што сите функции се прелеваат во неа. Почнувајќи од правото да ја утврдува програмата за патната мрежа во РМ, исто така да го гледа извештајот за реализацијата на таа програма, да го избира управниот одбор на Фондот, исто така и да го избира директорот на јавното претпријатие и директорот на Фондот за магистрални и регионални патишта во РМ.

Мислам дека не е добро и за самата Влада да има толкава компетентност. Денеска е Влада, да речеме, од едни политички партии, утре може да се случи Владата да ја сочинуваат сосема други политички партии. Мислам дека таквата концентрација на моќ остава можност за свесна злоупотреба и употреба на овие одредби, посебно во периодот на водење на предизборна кампања кога може субјективно да се форсираат одредени региони во Македонија, одредени патни правци за да се постигне маркетиншки ефект пред граѓаните на Македонија.

Имам забелешка и во членот 35 од Законот. Одредбата што е сега во законот оневозможува и оние патишта што имаат повисок ранг од локален а кои не се во некоја голема функција затоа што по нив поминуваат помалку од 50 0 возила просечна дневно во годишен период, мислам дека би требало да се остави можност ако може да бидат вградени со ширина до 3,5 метри со можност во понатамошниот период со проектирање да се остави можност тој пат да се прошири на две сообраќајни ленти.

Како една сериозна забелешка, може би најсериозна во целиот концепт на законот е контрадикторноста што се јавува во членовите 105 и 106 околу надлежностите на Фондот. Имено, самиот назив на фондот е Фонд за магистрални и регионални патишта, а во другиот член стои дека сите средства што се прибираат по точка 1 и точка 3, односно по акцизи и регистрација, акцизи од нафтени деривати и регистрација на моторните превозни средства одат во Фондот. Преку буџетот во фондот, а после тоа преку посебната програма, каде што се дава голема надлежност на Фондот, во согласност со министерот да утврдува критериуми за финансирање на програмата за изградба на локалните патишта.

Од една страна не е и за локални патишта, по самиот нас- лов и дефиниција тоа е фонд за регионални и магистрални патишта. Од друга страна му се дава во надлежност, во соработка со министерот да изготвува критериуми за распределба на средствата за локална патна мрежа, дури и му се дава овластување до него да се доставуваат од страна на општинските собранија извештаи за тоа како се трошени финансиските средства за локалните патишта. Мислам дека би требало да се направи напор да се елиминира оваа слабост од законот.

Комисијата за градежништво и урбанизам со овој амандман предложи одредено изострување на казнените одредби во членовите

120 и  121 од еколошки аспект, за фрлање на градежен и друг материјал во заштитниот појас на патиштата. Доколку сега се упатите во моментот кон Крушево, на пример, ќе видите дека не посредно пред самиот влез во Крушево, на неколку места има јавни депонии покрај главниот пат од шут и друг градежен материјал. Мислам дека казнената одредба за тие што го прават, токму од еколошки причини треба а се изостри.

Последната забелешка се однесува за членот 129. Колку што мене ми е познато, според важечките меѓународни стандарди не може да се заврши наплата за користење на сообраќајница со наплата за сообраќајни рампи, наплатните рамки, доколку инвеститорот нема обезбедено паралелен пат да може секој учесник да избира дали ќе се вози по убав пат и за тоа ќе плати надоместок, или ќе се вози по друг пат што е сепак со современ коловоз, меѓутоа, со послаби карактеристики од автопатот, ако не сака да плаќа таков надомест. Од тие причини во иднина мислам дека во принцип би требало да биде при изградба на такви автопатишта каде ќе се врши наплата, паралелно со изградбата на тој пат да се врши и изградба на паралелен пат. Во случајов се работи за недоизграденост, односно нефункционалност на еден дел од паралелниот пат од Скопје до Велес. Од месноста Кула до месноста Катланово. Мислам дека рокот од три години би требало да се смали на 18 месеци затоа што не се работи за голема километража за да може да им се овозможи на граѓаните на Велес и на сите од тој регион кои доаѓаат кон Прилеп, Битола, Ресен и од другата страна Гевгелија, Кавадарци да може да имаа избор дали ќе плаќаат патарина и ќе се возат по автопат или ќе го користат паралелниот пат.

Благодарам.

VII/1.- РД-ЉР

**ДИМИТАР БУЗЈТЕВСКИ:**

Се обидовме преку овој законски проект да воспоставиме концепт на јавните патишта, кои што ќе одговара на сегашниот момент кој што во себе ќе го содржи сето она што е постигнато во тој дел од минатиот период и тоа во исто време концепт кој што ќе не одведе со едно темпо развој на оваа област и издигнување на нејзината состојба на ниво кое што го одржуваат поразвиените земји во светот.

Тргнувајќи од тоа , и заправо сметајќи на тоа, успеавме во законот да го обезбедиме тоа со самиот факт што овој закон воспоставува целосно нов концепт со чија што содржина го напуштаме оној постојан стар концепт кој што е наполно дерогиран со новиот Устав и со сите други закони кои што ја обработуваат на индиректен

начин оваа тематика, посебно потенцирајќи го Законот за локална самоуправа. Во обезбедување на таквите цели ја ставаме и во функција конфекцијата која што како ретко каде може да биде еден нов вид на економски однос кон објекти со јавен сектор, кон објекти кои што се како што се со општо добро на државата и по кои што пак можат тие да се градат, во рамките на тоа воспоставувајќи комплетно пазарен однос, што е од огромна корист за идниот севкупен развој на нашата држава, секако од аспект на она што ќе претстои како интерес за овој сектор, според сознанијата што сега ги имаме, веќе и постои. Го напуштаме концептот на самоуправно досегашно организирање или практично во неколку овие години на дезорганизирање и мене ми е јасно дека дел од дискусиите кои што овдека беа присутни некако по инерција заради тоа што и досегашните поставености врз основа на досегашната дерогирана законска регулатива беа такви годишните извештаи и годишните планови ги носеше Собранието. Ние се определивме и тоа на соодветен начин законски го изрегулиравме, она што е извршна власт да се концентрира

во рамките на извршната власт и заради тоа се лоцирани надлежностите, правата и одговорностите онаму каде што треба кај Владата, онаму каде што треба кај фондот, онаму каде што треба кај јавното претпријатие, а се разбира во рамките на тоа, и активниот однос на Министерството како министерство и министерот како раководител на тој ресор. Цениме дека со тоа само ги поставуваме работите онаму каде што им е местото.

Околу јавните претпријатија веќе спомнато, ние го верифицираме тој закон постоењето на јавно претпријатие. Тоа веќе постои И не го напуштивме тој концепт, со оглед со тоа што таквиот вид на работи во многу развиени земји го прават токму јавни претпријатија. Во некои од тие јавни претпријатија, во така развиените земји е можно учество и на приватен капитал. Меѓутоа, секогаш доминира во рамките на јавното претпријатие државниот капитал да се обезбеди управувачката функција на јавното претпријатие, од аспект на иновинскиот аспект во врска со капиталот. Значи не станува збор за опасност дека преку тоа ќе одиме во нов циклус на административно вработување, туку верифицирање на постојната состојба. Јас ќе имам можност во текот на амандманста расправа да се осврнам на некој конкретни забелешки кои што беа во начелната расправа упатени кон Законот, меѓутоа со оглед на тоа што во неколку дискусии доминираше член 106 и распределбата, сепак ја чувствувам потребата и во оваа начелна расправа да се осврнам на содржината на член 106 и структурата на проценти во рамките на тој член. Меѓутоа, тоа ќе го направам со еден краток осврт на тоа како е досега. Еден од изворите за финансирање на акцизите, а за финансирање на програмата за патната мрежа се и акцизите. И тоа утврдени со Законот за акцизи и оттаму не постои некоја сериозна опасност дека Собранието и пратениците не ќе бидат информирани за начинот за трошење на средствата од делот на акцизи, бидејќи пред Собранието како предмет на расправа во собраниската програма е

завршната сметка на Буџетот, каде што се обработени позициите на акцизите и нивното трошење.

Значи преку тој пат се обезбедува соодветно информирање на трошењето на делот од акцизи за патната мрежа. Тоа е глобално се разбира. Инаку она што е поаналитичко планирање и информирање, тоа се лоцира во рамките на Владата.

Досегашниот процент на издвојување од приходот како акцизи за формирање на буџетската позиција за финансирање на програмите за развој на патната мрежа беше 6,2%, тоа значи дека многу низок во однос на фактичките потреби и оценката ни беше наша дека врз основа на анализите кои што се направени, а кои што во образложението бегло се споменати за состојбата на локалната патна мрежа, која што 60% е неасфалтирана во рамките на нашата држава, се определивме на една подинамично издвојување на дел од акцизите за финансирање на годишните програми за развој на патната мрежа утврдени на ниво на општина, а потпомогнати со овој извор за финансирање. Инаку, на крај памет не ние да го исклучиме изворот, кои што дополнително се формира на ниво на општина е обврска со Законот за локална самоуправа на идните совети тоа да го прават за развој на локалната патна мрежа во рамки на општината. Со овие 15 кои што се дадени или со оној процент кој што ќе се утврди во член 106 ние на најдиректен начин ја потпомагаме определбата за поинтензивен развој на локалната патна мрежа во нашата држава. Секако, бевме соочени со фактот дека за веќе изградената автопатна и магистрална мрежа во РМ, како еден од изворите во изминатиот период се користеле и странските кредити од меѓународните странски институции, претежно од Светската банка и обврска е ние тие кредити да ги плаќаме во рокови во кои што достасуваат. Оттаму, процентот од тие позиции точка 1 и точка 3 кој што е определен за магистрална,регионална патна мрежа. Покрај

инвестирањето во таа патна мрежа во себе опфаќа и позиција враќање на користени кредити во изминатите 15 години. Само за илустрација во тековната година од таа позиција треба да се вратат триесетина милиони долари. Значи соочени сме со една фактичка ситуација. Меѓутоа, и покрај тоа што е посебен квалитет на овој закон бидејќи досега тоа не беше, јас еве си го приуштувам тоа сам тоа да го оценам, а тоа е третманот на улиците. Бидејќи овдека беше спомнато и позитивно оценето веќе на улиците и на оние кои што влегуваат во магистралната и регионалната патна мрежа и воопшто на улиците се изнаоѓа извор, траен извор за потпомагаше на годишните програми за развој и на уличната мрежа во животните средини во нашава држава. Мислам дека тоа е еден квалитет кој што се определивме да го вградиме како резултат на фактичката состојба на развиеноста на уличната мрежа во животните средини и како нужност на таков начин да обезбедиме приод за да се проползира и таа идна инвестициона активност. Не постои опасност во законот од кои огромното влијание на министерот врз негово некое дискреционо право да одлучува каде ќе се пласираат средствата правото е на одлучување во фондот врз основа на изработени годишни програми за развој на магистрална и регионална патна мрежа кои што ги утврдува Владата, а за развој на локална и улична мрежа кои што ги утврдуваат улиците на локална самоуправа, а кои што средства треба да се префрлувате по критериуми кои што само треба да ги пропише министерот и врз основа на кој што Фондот треба да се раково- ди за идна дистрибуција на тие средства. Да не се ставаме во заблуда ние и досега имавме и такви критериуми, бидејќи познато е дека за одредени инвестициони активности во рамките на локалната патна мрежа имавме учество на општината во одреден процент, учество на Републиката во соодветен процент и други извори. Тоа се тие критериуми.

Значи сакавме со тоа да обезбедиме за користење на средства од тие позиции да се има обврска врз самата локална самоуправа, таа да обезбеди дел од средствата за тие локални патишта. Тоа е ситуација која што и досега постоеше и која што се покажуваше како позитивна во нејзиното спроведување. Јас немам посебна причина да се навраќам на некој детали кои што беа спомнати. И покрај тоа што попатно ќе спомнам дека одредени термини кои што се користени во формулирање на тие термини и дефинирање на содржината на тие термини се користени од стручна литература која што постои и сега е зависно кој професор ги има напишано тие работи така и се третира. Некои се признаваа помеѓу себе, некој не се признаваат, но она што е градено во Законот, не е демодирано,. против, тоа е јасна содржина со што ние од Комисијата за урбанизам ги прифаќаме забелешките кои штос е однесуваат на допрецизирање на одредени дефиниции. И тоа ќе биде предмет на расправа кога ќе одиме во делот на амандмнската расправа.

Одредени други термини кои што како современи термини треба да се применуваат како сообраќајниот профил, тоа се технички елементи кои што се предмет на проектирање, кои што се како технички стандарди обврска за нивно пропишување во вид на подзаконски акт како правилник и тоа ке следи после донесувањето на законот. На крајот да искажам една благодарност од активното вклучување на комисиите кои што во претходната расправа по предлогот за донесување на законот за јавни патишта беа доста конкретни и кои што понудија одредени решенија, кои што ние го вградивме во оваа фаза на изработка на Законот со наша оценка дека со во функција на подобрување на неговиот квалитет.

VII/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Веднаш на почетокот да кажам дека денес имаме на дневен ред еден закон кој што е многу важен и кој што според мене настојува да биде доста содржаен и доста добар, меѓутоа, и во него сепак се плеткаат според мене пропусти кои можеби според мене, ненамерно се направени и јас ќе кажам неколку збора во врска со тоа по мене се направени, кои се тие дилеми кои што не ги регулира Законот, односно кој не успеал на одредена висина да ги регулира.

Прво, што сакам да кажам е тоа во врска со поглавјето 5 каде што се зборува за изградбата и реконструкцијата и на јавните патишта. Би поставил едно прашање и доколку е тоа можно да му се каже, дали при одредувањето на категориите што треба да ги исполнува вид на пат се користени меѓународните норми. велам за тоа,затоа што искуството досега што го имаме имаме и изградено патишта во Републиката кои што секако, се изградени во времето кога бевме во состав во Бивша Југославија, кои што не ги исполнуваат условите кои што се зацртани во овој Закон, во неколку погледи, во однос на широчина на она што значи кривина по колкав агол, затоа колку може да биде неговата оптовареност итн. Доколку е можно да ни се даде одговор добро би било за да бидам со мојата совест чист.

Второто прашање, во однос на овој Закон по кој имам забелешки е тоа по однос на членовите 102, 104, 106, 107, тоа е прашањето каде што се регулира одредувањето на надоместокот од старана на Владата. Не знам, можеби Владата подобро го проучила, но во колку имам јас

искуство одредени работи што се случувале, кои што одеа како прашање за решавање пред Уставниот суд, се прашањата на надоместоците. Таков еден надоместок беше одреден од страна на Радио телевизија, порано со стариот закон за радиодифизија и како што е познато таа одредба по однос на одредувањето на висината на надоместокот од Уставниот суд. Ние како што ни е познато, во почетокот на овој мандат донесовме еден закон со кој ние ја регулиравме таа проблематика, значи како Собрание, а не може Владата.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:** (Продолжение)

Таа работа на неколку места се испреплетува . Заради тоа мислам дека не би било добро тие „одредби да паднат. Доколку е тоа јас мислам, можеби има тука неколку амандмани и добро би било таа работа да се расчисти, да не ни падне законот во одредени делови. Таа работа да се регулира односно тоа да биде во надлежност на Собранието.

Една посебна дилема е прашањето, кога станува збор за финансирањето.

Во однос на финансирањето, ако се земе во целост, добро е постапено, кога веќе овој закон претставува голем чекор во решавање на проблемите на патиштата, во однос на распределбата. Меѓутоа, и натаму, според мене, остануваат одредени дилеми, а тоа е прашањето на критериумите, по кои критериуми ќе се делат средствата, за која работа и овде стана збор, односно неколку пратеници тоа го истакнаа. Мислам дека треба да стои критериум по кој основ ќе се делат средствата за улици и за локалните патишта. Зошто го тоа велам? Тоа го велам затоа што овде е речено на основа на програмата.

Што ќе стане ако со програми сите општини, сите поднесоа програми за кои висината на средствата, вкупната висина на средства нема да биде доволна за Републиката. Во тој случај како ќе се постапи. Ние сме способни да правиме програми кои ќе бараат поголема маса на средства во целата Република, отколку што имаме на располагање Во тој случај по кој критериум?

Лично мислам дека треба да постои критериум, а тука би било добро да биде критериум, можеби, условно велам не сум го добро проучил, службите во Владата односно Министерството може тоа подобро да го каже, тоа да биде на пример должината на улиците, тоа да биде потрошувачката на гориво.

VIII/2.-

Потрошувачката на гориво, знам дека за одредени подрачја каде што помалку има потрошувачка, ќе биде во потешка состојба. Тоа важи и за мојата општина. Меѓутоа, за некои модифициран критериум треба да стане збор односно треба да постои и тогаш ќе биде по правилно извршена оваа работа, бидејќи ако не постојат одредени критериуми, ако тие се решаваат ад-хок и зависат од тоа колку симпатии има во Владата одредена општина, тогаш оние кои немаат симпатии, тешко ќе минуваат. Затоа мислам дека е добро ова да се регулира и со законот, ако е можно да се даде.

На едно прашање за кое поднесов амандман е прашањето на патиштата, меѓународните јавни патишта односно регионалните патишта кои во денешно време не ги исполнуваат условите предвидени со овој закон, што ќе стане.

Овде во Законот со членовите 127,128 и 129 се нуди решение за другите прашања кои се надоврзани, меѓутоа не се нуди решенија за меѓународните патишта кои не ги исполнуваат условите. Таквите меѓународни патишта и имаме во Републиката, а тие се 5 метра, регионални исто, 5 метра. Сега даваме решение за другите, за ова не даваме.

Јас нудам еден амандман кој, доколку биде прифатен, според мене е прифатлив,меѓутоа знам дека е поврзан со средства, го нудам нека се проучи, мислам дека е добро и за ова решение во преодните одредби до законот да има решение.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Господине претседателе, господо, мислам дека дискусиите беа доста корисни и законот за јавни патишта по мое гледање е технички многу стручно изработен и оние прашања кои не беа предмет за решавање во поранешните законски прописи, со овој закон на некој начин се регулирани.

VIII/3.-

Што се однесува до политиката во Законот, тука има некои отстапувања, што мислам дека ќе најдеме решение и за овие работи да се договориме, но јас само би кажал за некои моменти од Законот, а во врска со локалните патишта„и улиците кои во минатото се изградени, дадени се средства, а подоцна тие не се одржувани, нема газда кој да ги чува тие патишта, не се знае чиј е тој имот, па се незаинтересирани оние кои треба да ги одржуваат патиштата и подоцна се доведувале во ситуација да се трошат повеќе средства, отколку да се изврши превентива кога почне да се распаѓа, да се поправи со мали средства. Мислам тука треба да се обрне поголемо внимание за ова бидејќи сепак јавни средства се трошат, а не се чуваат домаќински, така како што треба. Затоа сметам дека е потребно на ниво на општина да има фонд, или пак, евентуално, советот што ќе биде на градот да решава за тие проблеми односно да ги контролира затоа што мислам дека Министерството односно фондот не ќе може да извршува увид врз сите тие патишта и улици што ги имаме, па да се преземаат мерки навреме. Меѓутоа, тоа е од интерес на општината односно локалната самоуправа. Затоа сметам дека ништо не би било полошо ако општината формира едно тело, фонд општински кој ќе се грижи за чување, одржување и да води евиденција за тие патишта, или пак евентуално советот на општината.

Исто така патишта кои се изградени од организации, изградени од месни заедници, истите да се предаваат во овој фонд за понатамошно чување и одржување. Без разлика што се тоа средства на Месната заедница, на досегашни организации на здружен труд, меѓутоа, стануваат веќе јавни патишта и да бидат под контрола на фондот односно на министерството . Досега тие не беа одржувани и со тоа се уништуваа.

Ваквиот закон што е дадено како предлог за донесување мислам дека е доста содржаен, разрешува доста прашања и мислам дека овој закон ќе придонесе многу повеќе за развој на патната мрежа а со тоа ќе

може да се сочуваат и средствата што се собираат. Инаку, кога сум кај улиците, да кажам дека треба да се каже кој е власник на улиците, дали е општината, дали е локалната самоуправа, дали некое претпријатие, бидејќи како „сега што е, никогаш не било, со мали средства улиците може да се поправат, а тоа не се прави а улиците се распаѓаат, а со тоа се прават огромни штети. Со тоа што фондот ќе биде општински ќе може да се решаваат проблемите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не се јавува за збор, го заклучувам општиот претрес.

Давам пауза од 1 час, а после паузата ќе продолжиме со претрес по текстот на законот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,30 часот)

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Комисијата за сообраќај и врски поднесе амандман на член 117 став 1 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Комисијата за сообраќај и врски поднесе амандман на член 198 став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ване Наумовски поднесе амандмани на член 70, за додава нов став 3, член 75 став 4, член 88 став 4, член 106 став 1 член 108 став 1, за додавање нова точка 11 и на член 109 став 1 за додавање нова точка 11 по која Владата не се произнела.

VIII/5.-

Комисијата за градежништво и урбанизам поднесе амандмани на член 3 став 1 точка 2,3 и 7, член 9 став 1, член 14 став 1, член 32 и за поместување на точка 15 од став 1 на член 121, на став 1 на член 120, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Џеладин Мурати поднесе амандмани на член 9, за додавање нов став 2 по став 1, за додавање нови членови 27-а, 27-б, 27-в, 27-г, 27-д, 27-ѓ, 27-е и 27-ж, член 28 став 1, на насловот на глава V, за менување на член 33, за менување на член 34, за менување на член 38, член 42) став 2, за менување на член 49, член 53, за менување на став 3, за менување на член 63, член 71 за бришење на став 3 и 4, член 80, член 104 аз додавање нов став 4 и на член 106 став 4, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Јован Николов, Пецо Стојанов и Милчо Трајков поднесоа амандман на член 66 став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Аце Коцевски поднесе амандмани за менување на член 129 и на член 35 за менување на став 2 и за додавање нов став 3, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Илија Гоцевски, Благој Стојковски, Мирко Иванов, Никола Р. Поповски, Кирил Спасовски и Здравко Стојковски, поднесоа амандмани на член 106 став 1, точка 2 и 3, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Слободан Најдовски поднесе амандман на член 49 став 1 и 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија

VIII/6.-

Паунов, Славчо Николовски и Слободан Најдовски, поднесоа амандмани на член 2 став 2, член 2 за менување на став 3, член 9 став 1, член 10 став 3, за бришење на членовите од 11 до 19, и за додавање нов член 11-а, член 20 став 3, за додавање нов член 20-а, член 23 став 1 и 4, член 29 член 35 став 3, член 38 став 1, за додавање нова алинеја по алинеја 4, член 63 за бришење на став 3, член 71 за бришење на ставовите 3 и 4 и за менување на член 106, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Мерсел Биљали, поднесе амандман на Глава VI по која Владата не се произнела.

Пратениците Мерсел Биљали, Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели поднесоа амандмани на член 21, алинеја 1, член 24 алинеја 5 и 6, на насловот пред член 29 и на член 59 став 1 и 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Мевљан Таири поднесе амандмани на член 25 став 2, член 95 за додавање нов став 2 по став 1 и на член 129 а по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Владимир Соколовски поднесе амандмани на член 2 за менување на став 3 и за додавање нов став 4, на член 20 за менување на став 2 и 3 и член 23 за менување на став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Димитрија Врвезовски поднесе амандмани на член 20 за додавање нов став 4, член 23 став 1, за додавање нов член 28-а, по член 28, за бришење на член 30, член 53 став 1, член 68 став 3, член 105 став 3 и за додавање нов став 4 по став 3, член 119 став 1 точка 1 и на член 125, за додавање нов став 1 по кои не се произнела Владата.

Пратеникот Слободан Даневски поднесе амандман на член 109 за менување на точка 2 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Газменд Ајдарага и Ризван Сулејмани поднесоа амандман за додавање нов член 129-а, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2, поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија Паунов, Славчо Часпов, Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандмаснот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (22)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 2 поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија Паунов, Славчо чапов и Слободан Најдовски.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за менување на став 3, поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Звонко Каров, Тодосија Паунов, Љупчо Мешков, Славчо Чапов и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитувани пратеници, предлагачите сметаат дека е нужно усвојување на овој амандман од повеќе причини.

Една од причините за кои сметаат дека е потребно да се усвои амандманот е тоа што ни досега Собранието на РМ ја утврдуваше оваа политика во врска со јавните патишта.

Ние предлагаме Владата да ја предлага, а Собранието да расправа.

До колку не биде усвоен овој амандман, Собранието и пратениците ќе бидат сосема исклучени од една значајна активност, нема да можат да ги презентираат ставовите на своите изборни единици, на избирачите и се ќе биде во рацете на Владата така што ќе дојде до поместување на функции на законодавна и извршна власт.

Со не усвојување на овој амандман Собранието како претставничко тело на граѓаните ќе биде без било каква можност да одлучува, да предлага, а ќе се сведе единствена можност на пратеникот да поставува пратенички прашања, а знаеме како се постапува со нив, се добива одговор или не се добива, така да функцијата на пратеникот ќе биде сосема обезглавена во поглед на ова политика, па пратениците и Собранието воопшто нема да имаат никакво влијание, а не само влијание, туку нема да имаат никаков увид, никаква контрола, а со тоа ќе

се исклучи и јавноста. јас не сакам да повторувам, бидејќи имаше доста дискутанти во општата расправа, само би сакал да кажам дека и на вчерашниот состанок на заедницата на општините и градовите на РМ, во оваа смисла беа изнесени забелешките. Фактички ова што е изнесено во амандманот е мислење на најголемиот дел на претставниците во заедницата на општините и градовите на РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бард збор?

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, основното решение врз основа на кое е поднесе овој амандман од група пратеници е во духот на парламентарната концепција на уставното уредување на една држава, како што е РМ, според својот Устав.

Предложеното решение, фактички, е сегмент на претседателски систем на уредуваше. Закони, легислативната дејност, програми, политика, во парламентарни системи, утврдува и донесува Собранието на РМ.

Ова што се предлага, ќе повторам, е само една потврда дека во, со Уставот утврдено државно уредување нас парламентарна демократија, фактички и со овој закон како и со многу други претходно донесени закони се потврдуваат елементите и концептот на еден вонуставен претседателски систем во РМ. Надвор од тоа, Влада која нема, а и е обврска според Уставот, сопствена програма за работа, утврдуваме со ова законско решение, да донесува програма и да утврдува политика за

една многу важна, од јавен карактер, дејност, како што се јавните патишта. Од тој аспект предлагам пратениците да го усвојат овој амандман предложен до група пратеници на Либералната партија.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Развојот на патната мрежа еден сегмент од креирање на развојот на развојната политика на ниво на држава. Развојната политика свое место наоѓа, онаа од едногодишен карактер, во макро - економската политика која што ги оквирува рамките за остварување на макро - економските агрегати, а во рамките на таа макро - економска политика има свое место и развојната политика на делот на инфраструктурата, а во рамките на таа инфраструктура и онаа инфраструктура од патната мрежа што е содржина на овој закон. Според тоа, бидејќи Владата ја утврдува макро - економската политика во која што се содржани сите овие претходно потенцирани елементи, а доволно е да во рамките на својата надлежност Владата да си земе за право, како извршна власт да ја програмира развојната политика и во оваа сфера. Тоа е едниот момент на кој што сакав да се осврнам.

Вториот момент, јас посебно внимание кога го добив овој амандман посветив на член 68 од Уставот на Република Македонија во кој што е зацртан системот каков е и кој што член 68 ги обработува надлежностите на Собранието на РМ. Во рамките на алинеите кои што се содржани во член 68 не сретнав дека Собранието носи програма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господин Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Во член 68 во оној дел каде што се уредува работата на Собранието наведено е во алинеите што и како се работи, меѓутоа врши и други работи Собранието утврдени со Уставот и со Законот. Значи ако ние ги утврдиме со закон да го врши ова Собранието ќе биде надлежност на Собранието, што значи нема да биде уставна пречка.

IX/2.-

А, исто така, ако го погледнеме член 91, ако буквално и дословно ги толкуваме нормите ќе произлезе дека и Владата го нема ова и така би настанало, со едно такво рестриктивно односно прешироко толкување на Уставот и слободно толкуваше би настанало дека и Владата ниту пак Собранието 90% од надлежностите не би ги имале. Така да не може едноставно да се толкува овој член. Ние сметаме дека сепак Собранието е тоа и уште еднаш ќе потенцирам кое што треба да одлучува за оваа политика, севкупна. Од закон во закон би се довеле Собранието да нема што да работи, би се поместиле функцијата негова, така да со еден,друг,трет закон Собранието само си ги одзема своите ингеренции и ги пренесува доброволно во ингеренциите на Владата.

Благодарам.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Заради доискажување, ако се посвети внимание на содржината на член 91 првата алинеја дека во надлежностите на Владата е да ја утврдува политиката на извршување на законите и другите прописи на Собранието. Политиката од оваа сфера на извршување Владата ја утврдува со програмата која ќе ја донесе.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, овој амандман практично, само би се надоврзал на своите колеги значи една поширока расправа за една развојна политика на она што се вика конкретизирање на макро - економската политика во оперативен смисол. Во овој случај ние навистина како пратеници во Собрание практично сме елиминирани од било каква расправа за некаква развојна политика која треба да се води овде во овој дом на овој начин, како што рече министерот, ваквата развојна политика треба да се

програмира, меѓутоа, конкретно, токму во овој став 2 од членот 2 практично ние немаме никакво програмирање временско ниту краткорочно ниту долгорочно програмирање на една таква политика. И, сметам дека овој Парламент е единствен кој треба да одлучува за некаква развојна политика и да решава како таа треба да се спроведе.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитувани колеги, вака предложеното решение ја исклучува секаквата можност за јавност и можноста на Собранието да се произјасни околу развојната политика на јавните патишта како општо добро во државна сопственост. Ако макро - економската политика ја донесува и утврдува Владата затоа се информираат само пратениците, ако програмата за работа на министерството за сообраќај и фондот за патишта ја утврдува Владата што значи се исклучува јавноста барем на утврдената програма да се изјасни Собранието и дозволиме сега да и на развојната политика за јавните патишта како општи добра Владата не само ја утврди и донесе без отсуство на Собранието тогаш се исклучува секаква можност за јавност и во разгледувањето и во давањето барем на согласност на една таква развојна политика утврдена од Владата на РМ. Затоа мислам дека надлежноста на Собранието како претставнички дом е барем разгледување и усвојување на развојната политика што ја утврдува Владата на РМ. Затоа мислам овој член дека треба да го прифатиме.

Благодарам.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас му благодарам на министерот Бузлевски што даде сопствен придонес со аргументи дека нема уставен основ за вакво решение во член 3 од Законот Владата Да ја утврдува развојната политика. И самиот како што кажа повикувајќи се на член 91 од Уставот фактички Владата е уставно овластена да врши само утврдување на политиката за извршување, а утврдувањето на политиката што треба Владата да ја извршува е на ова Собрание. Мислам дека ова е еден добар прилог и на самиот министер ова Собрание да го усвои овој амандман.

Благодарам.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, само со неколку реченици јас навистина си го поставувам прашањето зошто се плашиме, барем во овој момент да се усвои овој амандман амандманот, ништо друго нема да направи, ништо нема да промени бидејќи Владата во ова Собрание има двотретинско мнозинство, така да програмата на Владата која што ќе ја усвојат за патиштата во РМ и онака ќе им помине во ова Собрание, но за во еден подолг период ова овозможува можеби за некои изменети услови повторно да се врати онаа права функција која што ќе ја има Парламентот во РМ. Навистина мене не ми е јасно зошто се избегнува да се прифати овој амандман.

На крајот би рекол само ова ако го усвоиме законот ваков каков што е, често пати на новинарите во средствата за информирање пишуваат пратениците поставуваат некои неважечки, крајно маргинални пратенички прашања. Продолживме ли вакви закони, не само овој, некој што во последно време ги усвоивме ние овде ќе бидеме принудени дури да прашаме зошто улицата таа и таа од број 1 до број 5 не е асфалтирана затоа што се ќе биде во надлежност на Владата.

Јас сметам дека министерот треба да има добра волја овој амандман да го прифати затоа што ќе ја зголеми и улогата на Парламентот а со тоа ќе се овозможи јавно некои работи во однос на патишта кои што се во Републикава да се изнесат. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 26 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 за менување на став 3 поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија Паунов, Славчо Чапов и Слободан Најдовски.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за менување на став 3 и за додавање нов став 4 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, практично со овие два предложени нови ставови во членот 2 целта е да се разграничи временски ако постои некаква развојна програма, конкретно за развојот

IX/6.-

на патиштата да се разграничи временски што значи краткорочно и долгорочно планирање односно планирање на некаква развојна програма за патиштата. Имено, секаде во Европа, во сите европски земји постои развојна програма за рок од 5 години на која практично се изведува една едногодишна развојна програма за јавните патишта. Во овој случај предлогот е да таа петгодишна развојна програма се усвои во овој дом овде, во Собранието на Македонија, по една обемна дискусија, а на предлог на Владата, а едногодишната програма која ќе произлезе од таа петгодишна програма практично да ја утврди Владата како оперативен дел од државата од аспект на годишно извршување на таква програма.

Јас не гледам причина, ако веќе сакаме да влеземе во Европа со сите наши слабости и доблести да не прифатиме едно решение кое постои и егзистира во Европа и да го примениме во нашата пракса. Најпосле патиштата се основен елемент за овозможување на сообраќај кој ќе ме поврзе и директно со Европа.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

23 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 за менување на член 3 и за додавање нов став 4 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија Паунов, Славчо Чапов и Слободан Најдовски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 19 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 1 поднесен до пратениците Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија Паунов, Славчо Чапов и Слободан Најдовски.

Отворам претрес по амандманот ан член 9 за додавање нов став 2 по став 1 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман со оглед на тоа што има поинакво решение понудено во член 5 став 4 во овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 за додавање нов став 2 по став 1 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

IX/8.-

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 3 поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија Паунов, Славчо Чапов и Слободан Најдовски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Не го прифаќа Владата амандманот.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, овде мислам се работи за тоа дека не се покажува ниту минимум толеранција. Овде се работи само за еден рок. Праксата покажува дека рокот е пре- многу краток. Не може за 3 месеци локалната самоуправа да го преземе и сите овие работи да ги заврши. Од тие причини се предлага рок од б месеци бидејќи тој во тој рок објективно би можело да се извршат сите неопходни подготовки. Се работи само за тоа, за ништо друго. За померување на еден рок од 3 месеци на 6 месеци за кој што праксата покажува дека е навистина потребен затоа што во тој рок од 3 месеци навистина е проблематично да се извршат сите овие активности.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

22 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 став 3 поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија Паунов, Славчо Чапов и Слободан Најдовски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите од 11 до 19 и за додавање нов член 11-а, поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија Паунов, Славчо Чапов и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**:(ПРОДОЛЖЕНИЕ)

22 пратеника гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на членовите од 11 до 19 и за додавање нов член 11-а, под- несен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија Паунов, Славчо Чапов и Слободан Најдовски.

Отворам претрес по амандманот на член 20 за менување на став 2 и 3, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитувани колеги, само би сакал да објаснам зошто е предложен овој амандман, зошто се бара измена на ставот 2 од членот 20. Имено, ако веќе се прави некаква програма за одржување на јавните патишта она што го подразбира ставот 1 од членот 20 апсолутно е несфатливо и нелогично со предложениот став од Владата со една единствена програма која нема никаква долгорочност временска може да се реализира нешто што треба да се планира неколку години однапред, односно стратегиски да се предвиди како треба програмски да се реализира нешто што треба да се направи инвестициски како поголем

зафат, односно нешто што треба да се доизгради поедноставено и посодржајно.

Вака како што е даден овој став практично го оневозможува и Фондот, па и самата Влада да може да предвидува било какви долгорочни инвестиции и стратегиски пристапи, студиски истражувања и сметам дека ваквиот став ако остане, ако не се прифати ова што го предлагаме, практично се враќаме назад.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Почитуван претседателе, драги колеги, јас би ве потсетил што кажува членот 20, бидејќи очигледно е дека сме навлезени во една рутина каде само се гласа и не се размислува. Имено, во членот 20 се кажува вака: "За работите во врска со планирањето, финансирањето, изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на магистралните и регионалните патишта се основа фонд за магистрални и регионални патишта, во натамошниот текст Фонд".

За извршување на работите од ставот 1 од овој член Фондот изготвува Годишна програма најдоцна до 31 декември. Програмата од ставот 1 од овој член ја донесува Владата на Република Македонија. Со овој член се губат апсолутно сите права за јавна расправа во врска со финансирањето, изградбата, реконструкцијата и се друго околу патната мрежа во Македонија. Едноставно сето ова ќе стане табу тема за сите во Македонија и ќе се затвори во зачаран круг каде ќе се решава меѓу неколку луѓе. Дури сега сфаќам што била иде- јата со тоа што се уште не ми е одговорено на моето пратеничко прашање дали во оваа година се мисли на 1996 година во Годишната програма за патиштата токму во овој

сегмент од законот ќе влезе патниот правец Велес, Прилеп преку Бабуна онака како што минатата година господинот министер ни вети како пример и како најзначаен, за жал, имав ретка прилика тој таинствен материјал го видам лично, патниот правец воопшто не е влезен како примерен, се наоѓа на второ место по средствата, за жал, средствата кои за него се предвидени се минорни и со тоа се гледа дека се има желба уште најмалку десет години да се гради тој патен правец далеку од сите ветувања кои досега ги добивме и порано во предизборната трка и овде од оваа говорница, а со овој член, ако вака се усвои, шансата ние како пратеници воопшто да проговориме на таа тема, се губи апсолутно. За жал тоа е вистината, само криво ми е зошто пратениците од СДСМ се согласуваат со тоа Владата апсолутно да им ги одзема сите права во размислувањето на оваа тема, а мене уште повеќе ми е криво затоа што со нивното гласање ми се одземаат и моите права да разговараме на таа тема, односно на сите наши бирачи.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас не се сеќавам дали сум рекол примарен, ако добро ме служи сеќавањето се сеќавам дека сум рекол приоритетен, но толку за тоа, бидејќи програмата е во процедура на носење таа програма не е донесена, таа е како работен материјал доставена до сите министерства за обезбедување на мислења по таа програма.

Зошто е поставен тој рок?

Прво, поставен е од едноставна причина, бидејќи до тој рок треба да се донесе програмата, а со оглед на тоа што изворни приходи трансформирани преку Републичкиот буџет се и процент од акцизите, оваа година програма не може да се донесе пред да се донесе Буџетот, со оглед на тоа што во расходната страна на Буџетот мора да се

димензионира позиција за развој на патната мрежа, а како извор на таа позиција - акцизите. Значи, нужно е да се донесе Буџетот па таа позиција од Буџетот да се преземе во Годишната програма и врз основа на тој дел како финансиски потенцијал се испрограмира активноста за наредната година.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Јас се извинувам што повторно земам збор, но по мене значењето на зборовите приоритетно и примарно се совпаѓаат апсолутно. Добивме ветување дека тој патен правец по тежината, по финансиите и по предимството ќе биде апсолутно прв во оваа година, тоа го добивме од тука, не би сакал да барам цитати и стенограми, за жал, тоа што го гледав во програмата е сосема друго, ќе ми биде мило ако оваа моја дискусија испровоцира тој патен правец да се најде на примарно место и да дадеме шанса за кратко време се заврши, а не за десетина години и апелирам посебно на пратениците сепак да ги усвоиме овие амандмани со желба да си дадеме шанса уште нешто да работиме во овој Парламент, инаку, како што одиме полека мислам дека ќе немаме ништо за што ќе одлучуваме и едноставно можеме слободно дома да си седиме.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Се извинувам што повторно земам збор, меѓутоа, само би сакала да го потсетам господинот министер поради ваквиот досегашен став, ваквата едногодишна програма се носи на 31 декември. Програмата на Фондот, односно сегашната СИЗ за патишта доцни најмалку три до четири месеци. Тоа значи дека е пракса, дека со еден ваков зацртан концепт каде Буџетот се носи на крајот на годината навистина нема временска можност од десетина - петнаесет дена во рок од 31 декември

да се донесе едногодишна програма на СИЗ-от за патишта сега постоечки, односно Фондот, спрема новиот закон. Пракса е се- когаш тие годишни програми доцнат најмалку четири месеци па и по- веќе, што значи дека сегашната СИЗ, односно идниот Фонд ќе биде практично блокиран 4-5 месеци да не работи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (21 пратеник).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 20 за менување на став 2 и 3, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 3, поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија Паунов, Славчо Чапов и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Предлагачите со овој амандман предлагаат да остане до- сегашната пракса Собранието на Република Македонија да ја донесува

X/6.-

Годишната програма за изградба на патишта во Република Македонија, односно тоа да не биде во надлежност на Владата на Република Македонија. Тоа ќе го аргументирам со следното образложение:

Прво, за финансирање на овие патишта се користи дел од средствата од Буџетот на Република Македонија. Бидејќи се користат средства од Буџетот на Република Македонија, мислам дека е логично и вообичаено Парламентот на Република Македонија како највисок законодавен дом кој го донесува Буџетот, ја усвојува Завршната сметка по Буџетот на Република Македонија да биде во тек и да му се поднесува извештај како се трошат средствата кои од Буџетот по пат на акцизи одат за финансирање на изградбата на патиштата во Република Македонија.

Втора причина е фактот дека со овој концепт што го нуди Владата кога таа одлучува и за изворот на членовите на Управниот одбор на Фондот и за изборот на директорот на Фондот и за директорот на јавното претпријатие, а исто така ја усвојува Годишната програма за изградба на патишта и го усвојува Извештајот за реализација на таа програма испаѓа дека нема потреба да постојат два паралелни органи и Фондот и јавното претпријатие затоа што тие се паралелни органи кои одговараат на ист орган, односно на Владата на Република Македонија и не постои никаков механизам, односно контролна функција за контролирање на меѓусебното извршување на дејствијата освен што Фондот е обврзан да потпишува договори со јавното претпријатие.

Исто така поаѓајќи од фактот дека пратениците на Република Македонија ја имаат изборната власт затоа што им е пренесена од граѓаните на Република Македонија, а Владата на Република Македонија е изведена извршна власт избрана од овој Парламент, мислам дека би било добро да се прифати овој амандман и да се врати над-

лежноста на донесување на овие програми, како и поднесувањето на Извештај во надлежност на Собранието на Република Македонија. Во спротивно ќе се изгуби контролниот механизам воопшто во остварувањето на зацртаната политика во оваа област.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (21 пратеник).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 20 став 3, поднесен од пратениците Слободан Даневски, Влади- мир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија Паунов, Славчо Чапов и Слободан Најдовски.

Отворам претрес по амандманот на член 20 за додавање нов став 4, поднесен од пратеникот Димитрија Вревезоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2 0-а, поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија Паунов, Славчо Чапов и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Содржината на овој амандман е веќе прифатена во амандманот кој претходно го прифативме.

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (18 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 20-а, поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија Паунов, Славчо Чапов и Слободан Најдовски.

Отворам претрес по амандманот на член 21 алинеја 1, поднесен од пратениците Мерсал Биљали, Исмет Рамадаи и Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 3 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Бузлевски.

X/9.-

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Предложената измена беше да се при изборот на деветте члена на Управниот одбор на Фондот имено се расправа, односно решава Собранието на Република Македонија.

Во овој случај навистина е премногу одземено дискретно право Владата да го составува Управниот одбор со оглед на фактот ако сакаме демократски процеси во оваа држава навистина треба да дадеме поголема ширина на изборот на тие девет члена на Управниот одбор, односно да можат сите партии кои учествуваат во ова Собрание да имаат консенсус при избор на овие девет члена на Управниот одбор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (14 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 23 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Отворам претрес по амандманот на член 23, став 1, под- несен од пратеникот Димитрија Вревезоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

X/10.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 1 и 4, поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија Паунов, Славчо Чапов и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 23 став 1 и 4, поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија Паунов, Славчо Чапов и Слободан Најдовски.

Отворам претрес по амандманот ан член 24 алинеја 5 и 6, поднесен од пратениците Мерсал Биљали, Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

X/11.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 2, поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 25 став 2 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Отворам претрес по амандманот за додавање нови членови 27-а, 27, 27-б, 27-в, 27-г, 27-д, 27-ѓ, 27-е, 27-ж, поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата веќе прифати амандман за член 20 за додавање нов став 4 каде што се регулира оваа проблематика, па поради тоа, со оглед на тоа што е веќе оваа содржина претходно содржина на Законот и на таков начин регулиран каков што го прифативме како Влада тој амандман, Владата овој амандман не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

3 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 27-а, 27-б, 27-в, 27-г, 27-д- 27-г, 27-е, 27-ж, поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 28, став 1 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

XI/2.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман бидејќи надзорот над работата на општинскиот фонд е изворно право на локалната самоуправа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

9 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 28 став 1,поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 28-а, по член 2 8 поднесен од пратеникот Димитрија Вревезовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на насловот пред член 29, поднесен од пратениците Мерсел Билали, Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 29 поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија Паунов, Славчо Чапов, и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

15 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 29 поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија Паунов, Славчо Чапов и Слободан Најдовски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 30 поднесен од пратеникот Димитрије Вревезовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО1 ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на насловот на Глава V поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 33 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 33, поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот за менуваше на член 34 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

6 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 34 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 35 за менување на став 2 и за додавање нов став 3 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТНТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 3, поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ,

XI/5.-

Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија Паунов, Славчо Чапов и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Шапуриќ има збор.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, ова не ми е јасно зошто Владата не го прифаќа овој амандман. Навистина барам објаснување. Затоа што овој амандман е спротивен на животот на праксата. Јас познавам 50 населби во Скопје, ќе ги набројам меѓу нив е Пинтија од каде што имаме пратеници Горно и Долно Лисиче, каде што проаѓаат локални патишта каде што е невозможно да биде 3,5 метри локален пат. Зошто тогаш правиме каде што е можно максимум до 3 метра. Зошто ставаме нешто што ќе биде само една форма што нема да постои во праксата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Бузлевски бара збор?

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Претходниот амандман кој што беше прифатен во основа ја регулира оваа проблематика и и дава комплетен одговор на прашањето зошто овој амандман не го прифаќа Владата. Владата го прифати амандманот на пратеникот Аце Коцевски, кој што целовито ја дополни одредбата на овој член. Токму затоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

16 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 35 став 3, поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија Паунов, Славчо Чапов и Слободан Најдовски.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 38 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

8 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 38 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 38 став 1, за додавање нова алинеја по алинејата 4, поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија Паунов, Славчо Чапов и Слободан Најдовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 42, став 2, поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

6 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 42 став 2 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 49 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 4 9 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 49, став 1 и 2 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

XI/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господин Најдовски бара збор.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, не се занесувам дека ќе ве убедам да го прифатите амандманот, но со оглед на тоа што амандманите беа повеќето денес овде дадени и сметам дека дел немаше време некои да ги погледаат од пратениците, би сакал да кажам барем за што се работи.

Имено,во член 49 се кажува дека "јавен пат може по барање на општината односно градот Скопје да се изгради на одделен дел со елементи што предизвикуваат поголеми трошоци на градењето, отколку за пат надвор од населено место (со поскап и поширок коловоз, тротоари, велосипедски патеки, места за паркирање на возила, осветлување и друго), за да се приспособи кон посебните потреби на населението од тоа место".

Вториот став гласи: 11 зголемените трошоци за изградба на делот од јавниот пат, од став 1 на овој член ги сноси општината односно градот Скопје која барала изведување на тие работи". Сега јас сакав со амандманот кој што го поднесов прво, цел ми е доколку Републиката државата гради магистрален или друг пат, регионален низ населено место, тогаш сметам дека е должна да ги обезбеди сите безбедносни состојби на тој пат. Вака како што е даденово законот тоа не се овозможува.

Втората работа во законот се вели дека "доколку тоа го бара општината или градот Скопје средствата односно зголемените трошоци ќе паднат на нејзин терет". Јас се прашувам сега, прво, со постојниот начин на финансирање на општините централата односно Скопје и ги

зеде на општината сите пари, ние овде им го одредуваме Буџетот на општините. Јас се прашувам од каде сега општината, од кои можности, од кои пари ќе најде пари тоа да го финансира. Јас ќе ви кажам живеам во едно такво населено место низ кое што минува магистралниот пат спрема Грција. Во Кравари мое нема тротоари има секоја година ако не повеќе ама две жртви од сообраќајни несреќи. Тие жители на тоа село не се способни, ова го кажувам само како пример, не се способни да соберат пари за да направат тротоари. Се работи за два километри, тоа е ист случај за цела Република. Ако парите се во Републиката, ако за се одлучува Владата како што овде предлагате во Законот, ако ги централизирате парите, ако ги земате од општините, тогаш должна е Владата и затоа сметам дека овој амандман треба да се прифати и од фондот се финансираат тие потреби. Никој не може во населено место да изгради ниту тротоари, ниту било какво обезбедување на тие патишта.

Сигурно никој нема да побара да се прави паркиралиште посебно. Но, секој ќе побара низ населено место каде што минува магистрален и регионален пат да се обезбедат тротоари.

Понатаму, би рекол и ова, јас не знам од која општина барате да направи улица кога единствен извор за финансирање за градење на улиците им е градската рента. Таа е толку мала,незначителна, што не- можат минимални површини да се асфалтираат. За сето тоа после се винов- ни градоначалниците на одделни општини, а не оној кој што ги зема пари- те овде во Републикава. Јас од тие причини сметам дека овој амандман да го прифатите, пред се, од безбедносен аспект за населението кое што живее таму. Инаку, јас ви велам не гледам друг начин, освен моето население во Кравари утре да излезе, да можеме да се собереме на патот и да кажеме дека ние повеќе нема да дозволиме да врвите тука, додека не го обезбедите сообраќајно за нас, да е безбедно за населението.

XI/10.-

Јас велам уште еднаш, како пример го кажувам тоа, има многу населени места, да кажеме, влезот во Битола со Горно Оризари е исто. Битола има најкатастрофални улици во Републиката. Зошто? Од кога се презеде начинот на прибирање на приходите во општината на републичко ниво им се одзеде на општините, општините немаат баш никаков денар за тоа. Сега треба да чекаат милостиња, можеби со овој министер има кооперативност, но следниот ќе се смени и затоа би требало и пратениците од СДС ова да го поддржат, затоа што нема вечно да имаат некој министер кој што ќе им помага.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

16 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 49 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Отворам претрес по амандманот на член 53, став 1 поднесен од пратеникот Димитрија Вревезовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 53 за менување на став 3, поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

XI/11.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 7 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 53 за менување на став 3, поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на Глава VI поднесен од пратеникот Мерсел Билали.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 59 став 1 и 2 поднесен од пратениците Мерсел Билаљи Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 59 став 1 и 2 поднесен од пратениците Мерсел Биљали Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 63 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (5 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 6 3 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 63 за бришеше на став 3 поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир СОКОЛОВСКЈ Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија Паунов, Славчо Чапов и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (9 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 63 за бришење на став 3 поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија Паунов, Славчо Чапов и Слободан Најдовски.

Отворам претрес по амандманот на член 66 став 2 поднесен од пратениците Јован Николов, Пеце Стојановски и Милчо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Милчо Трајков.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Амандманот се однесува на финансирање на трошоците за изградба поставување и одржување на патните премини преку железничките пруги.

Во предлогот на Владата стои дека треба во подеднаков износ да го сносат претпријатието за железнички сообраќај и општината односно градот Скопје. Во амандманот што го предложивме стои дека трошоците треба да ги сносат во подеднакоа износ претпријатието за железнички сообраќај и јавното претпријатие за патишта.

Елаборација. Од едноставна причина што поедини општини низ кои минуваат железнички пруги се во нерамноправна положба во однос на другите општини. Конкретно градот Т. Велес доста битен и значаен железнички јазол има три транспортни коридори. Низ градот се наоѓаат точно шест патни премини. За одржување на тие патни премини во текот на минатата година беа потрошени околу 11 милиони денари што гледано во однос на буџетот на општината за оваа година изнесува 75%. Самото тоа значи дека поедини општини ќе се најдат во нерамноправна положба во однос на другите општини затоа што значителен дел од средствата со кои што располага ќе се прелеат за одржување на овие патни премини. додека кај други општини тоа не е случај

Се со цел за изедначување на стартната позиција и положба на општините е предложен овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г.Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Тоа што го елаборираше колегата Трајков треба да се дополни со уште еден факт кој е многу битен заради тоа што не се само шест-седум туку 18 преоди железнички, ако се земе градот и пругите што идат према Исток, Запад, Север и Југ. Уште полоша состојба ќе имаат новоформираните општини на територијата на Т. Велес сега затоа што и низу овие општини минуваат железнички пруги. Овие општини тешко ќе

опстанат со своите буџети за одржување и плус да им се наметне уште еден намет за одржување на овие железнички премини.

Затоа ги молам колегите пратеници да го усвојат односно подржат поднесениот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68пратеници)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 66 став 2 поднесен од пратениците Јован Николов Пеце Стојановски и Милчо Трајковски.

Отворам претрес по амандманот на член 6 8 став 3 поднесен од пратеникот Димитрија Вревезовски.

Го молам претставникот да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7 0 за додавање нов став 3 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Го молам претставникот да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 71 за бришење на ставовите 3 и 4 поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија Паунов, Славчо Чапов и Слободан Најдовски, како и од пратеникот Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 71 за бришење на ставовите 3 и 4 поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешковски, Тодосија Паунов, Славчо Чапов, и Слободан Најдовски, како и од пратеникот Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 75 став 4 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Го молам претставникот да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 80 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (2 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 80 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 88 став 4 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Го молам претставникот да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 95 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам претставникот да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 104 за додавање НОЕ став 4 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

XII/7.-

Го молам претставникот да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 105 став 3 и за додавање нов став 4 по ставот 3 поднесен од пратеникот Димитрија Вревезовски.

Го молам претставникот да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 106 поднесен од пратеникот Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ , Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Тодосија Паунов, Славко Чапов, и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дн Станковски побара збор.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, бидејќи овој член на првиот дел од седницата го образloживме и кажавме од каква важност е за сите краишта каде што се поврзува со локална патна мрежа, сметам дека овој амандман е битен за развој на многу краишта во нашата држава. Убеден сум дека сите членови на СДСМ имајќи во предвид развојот на тие краишта и луѓето и квалитетот на животот на луѓето кои живеат дека ќе го поддржат. За Либералната партија тоа не е проблем, бидејќи тие и го поднесуваат. Затоа ги молам сите пратеници да го

изгласаат овој амандман.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас мислев дека ќе го повлечете затоа и дадов збор, требаше да дозволиме министерот да се произнесе г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вие си потрошивте зборови повелете г-дин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Ќе го искористам ова право да кажам дека и претставникот министерот за Владата не е свесен какви се реперкусии има не прифаќање на овој член на овој амандман на членот 106. Мислам дека не треба уште еднаш да потенцирам пред гласањето дека со ова ќе допринесете за многу краишта во нашата држава имајќи во вид територијалната поделба и развојот на новите општини колку од голем значај за сите граѓани на Република Македонија.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Само молам да не бидете сигурни дали е министерот свесен или несвесен г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас не знам дали г-дин пратеник е лекар или е тоа прашање на лекар. Владата не го прифаќа овој амандман со оглед на тоа што има пред себе анализа, во која што јас и во општата расправа во начелната расправа тоа го кажав ги согледував вкупните обврски кои што се пред држава Македонија, по основ на користени средства за изградба на патна мрежа по онаа по која што денес сите ние се движиме. Значи за

таа изградена патна мрежа ние имаме обврски до 2011 година. И делот на магистрални и регионални патни мрежи тој процент кој што точка 1 и точка 3 се резервиса се за инвестициони активности и враќаа на странски кредити. Во останативе соодноси со кои што излеговме во предлогот имавме во предвид дека досегашната програма7% по која што се реализира локалните патишта за финансирање на таквата програма од вкупните приходи на досегашната Републичка СИЗ за патишта се обезбедуваат 6,2%, само толку. Ние предлагаме еден процент кој што е поголем од 6,2% и според тоа имаме соодветен слух во општото креирање во развојот на патна мрежа од локален карактер. Тоа е сигурен извор кој што се гарантира и кој што треба да ги дополни потребните средства оние кои што врз основа на потврдена годишна програма ќе се определи локалната самоуправа да ги реализира од сопствената средина, од сопствените приходи а во креирање на ваквата политика за воспоставување на вакви соодноси,пред себе го имавме и фактот дека за финансирање на инвестиционите активности за локална патна мрежа, освен овој Републички извор, има и друг извор кој се наоѓа во една Агенција која функционира како институција во нашава држава. Дури уште повеќе, врз основа на состојбите кои во образложението се дадени за должината на уличната мрежа и состојбата во поглед на нејзина современост од аспект на асфалтирана или неасфалтирана, ние се определивме и покрај насушните потреби за обезбедување на средства за други намени и улиците да ги финансираме, бидејќи и многу пратеници овде кажаа, што се потврдува со нашиот став дека улиците се составен дел на сообраќајните инфраструктури.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас му се извинувам на г-динот министер, немав намера да го навредам, ниту да се ставам во улога на лекар, или некој од слична струка. Сакам да кажам дека со не прифаќањето на овој амандман ќе се

нанесат трајни последици врз населените места и ако остане овој процент, едноставно парите кои се наменети за оваа намена ќе служат само за крпење на дупките на локалната патна мрежа. Уште еднаш извинување.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Осеќам потреба, во рамките на објаснувањето на овој амандман да доаргументирам со следното:

За што се работи овде. Мислам дека овој член овде е битието на целокупниот овој закон во сегментот на финансирањето на локалните патишта. Овде е предвидено, во овој член, дека 60% од собраните средства по основ на изворите предвидени во членот 96, 65% одат за магистрални и регионални патишта, за локални патишта 15% и за улици 20%.

Понатаму се кажува дека од овие средства, централизирани на ниво на фонд за регионални и магистрални патишта, средствата од 65% за магистрални и регионални патишта се ставаат на располагање на Фондот.

XIII/1.- РД/ЈБР

**ПАНЧО МИНОВ**: (продолжение)

Понатаму, предлогот е на подносителот на амандманот наместо 65% магистрални и регионални патишта да бидат 55%. Намалување во функција на процентуално зголемување на обемот на средства за локални патишта и улици каде што убаво стои во образложението и тоа е факт, по општините со мрежата на улици и локални патишта. Можеби не на последно или на претпоследно место, споредено со Албанија по однос на квалитетот на мрежата на локални патишта и улици.

Тоа е меѓу другото плус аргумент да се зголеми процентуалниот износ на средствата за јавни патишта, а 10% намалување на магистрални и регионални патишта, а за додавање во споредба со предлогот од 5% за локални патишта од 15% на 20% и за улици од 20% на 25%.

Понатаму следува авсурдноста на овој Закон, тоа е ставот 3 каде штос е зборува дека средствата за локални патишта и за улици заправо ќе се централизираат, а потоа ќе се дадат на располагање на општините, односно градот Скопје, со тоа што основ за финансирање ќе биде Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици.

Прво, едно флагрантно мешање на државата во изворните надлежности на единците на локалната самоуправа на општините, таа да им ги става на располагање, инаку со Законот за локална самоуправа и со Уставот, јасно се утврдени функциите, организацијата, изградбата и одржување на улиците и локалните патишта е на општината.

Понатаму, нема потреба од критериумите за финансирање на овие програми за локални патишта и улици, да ги утврдува накнадно Фондот, ќе потенцирам, за регионални и магистрални патишта. Значи еден фонд кој по својата функција и овластување има надлежности за регионалните и магистралните патишта, со овој член му се дава ингеренција

мешајќи се во изворните надлежности на општината да ги утврдува критериумите за финансирањето на локалните патишта и улици. Мислам дека тоа како незаконитост и неуставност ќе падне првата постапка за оцена на законитоста на овој член. И во тоа нека биде предлагачот сигурен, дека ќе поднесе. Јасно е дека кои се механизмите до сега на распределба на средствата по општините. Тоа се мрежата на локалните патишта и улици, регистрираните патнички возила и количината на потрошувачката на горивото. Сето тоа што е јасно и што досега функционираше, овде се остава повторно, ние како Парламент тоа така ноншалантно го дозволуваме, и таа распределба, дури и критериумите за тоа што инаку се знаат и досега се функционираше ги претставуваме накнадно да ги одреди Фондот. А Фондот за финансирање на локални патишта, а инаку Фондот е за магистрални и регионални патишта. Нешто што нема по логиката на своите дејности овде се друга врка. Во таа смисла амандманот предлага средствата што се за локални патишта и за улици како што им следува по основ на постојна мрежа за локални патишта, по основ на регистрирани патнички возила по општините, по основ на потрошена количина на гориво не дека некој им ја дава на располагање, односно некој Фонд или некое министерство, тоа се средства кои се реализираат во тие општини и имаат намена за локалните патишта и за улиците, ништо повеќе. А овде се става накарадно без уставно овластување, орган еден кој е за магистрални и регионални патишта го утврдува финансирањето за локални патишта и улици. И уште повеќе последниот став регулира дека за тоа пак како ќе ги троши од сопствените средства кои им припаѓаат и по функција и по Уставот и Законот за локална самоуправа и по основ на тоа да ја уредува локалната самоуправа и финансирањето за тоа како ќе ги намени средствата да дава отчет на Фондот. Ова не е ништо друго туку една

фрагмантна централизација на финансирањето и на локалните патишта и улици и оставено такво дискреционо право на Фондот кој го именува Владата, на предлог на Министерството итн да утврдата такви критериуми за финансирање да финансира изградба на улици и на локални патишта таму каде што сакаат да бидат избрани кандидатите на СДС за локалните избори. Ова прво е законски не издржано, уставно незасновано и во нерамноправна положба се става Владата, регулирајќи го вака ова прашање, средствата за локални патишта и улици што им припаѓаат на општините каде се остваруваат тие средства, да си дава сама овластување дискреционо да ги дели каде што има политички цели тоа да се оствари. Тоа е мислам разобличувањето на овој член а тоа нешто го укинува предложениот амандман на група пратеници од Либерална партија и затоа предлагам да се усвои овој Амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот на Амандманот и Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (20)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот за менување на член 106 поднесен од пратениците: Слободан Данески, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Звонко Каров, Љупчо Мешков, Теодосие Паунов, Славчо Чапов и Слободан Најдовски.

Отворам претрес по Амандманот на член 106 став 1 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа Амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (2)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 106 став 1 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Отворам претрес по амандманот на член 106 став 1 точка 2 и 3 поднесен од пратениците: Илија Гоцевски, Благоја Стојковски, Мирко Иванов, Никола Р. Поповски, Кирил Спасов и Здравко Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој Амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, предлагачите на овој Амандман кога го предлагаат имаа пред себе сознание дека не треба да се зафаќа во делот на средства предвидени за магистрални и регионални патишта, кои процент изнесува некаде околу 65% од вкупните средства од проста причина тие средства пред се се наменети за изградба на нови магистрални и регионални патишта и за враќање на земените обврски. Ние сметаме дека како Република како држава треба

навреме да ги враќаме овие обврски, а со навремено враќање на обврските да стекнуваме уште поголема доверба во добивање на нови средства за изградба на нови магистрални и регионални патишта Од таа причина и не сакаме да зафаќаме некој процент од овие средства наменети за магистралните и регионалните патишта. Предлагачите одат на промена на процентот за улици и за патишта предлагаат наместо 15% за локални патишта, процентот да биде 20%, а наместо 20% за улици процентот да биде 15%,од проста причина за која зборуваат фактите изнесени во самиот материјал во образложението на Законот. Имено, во Република Македонија се регистрирани вкупно 2.378 км. улици од кои само 25% не се асфалтирани или вкупно не се асфалтирани 500 км. Наспроти оваа бројка во истиот материјал се искажани дека иамме регистрирано локални патишта од 4.867 км. или за 100% повеке локални патишта од улици и имаме неасфалтирано 60% од овие патишта или вкупно 3.000 км. Односот е 1:6 во однос на неасфалтирано и на заостанатост на локалните патишта. Ова е факт кој е изнесен и кој сметам дека треба како пратеници да размислиме и да го усвоиме Амандманот и до причина што за изградба на улици во градските населби покрај овие средства има и средства наменети од градската рента, можеби се мали, меѓутоа, има некој средства, има средства од уредувањето на градежното земјиште бидејќи делот се наменува и за улици, додека за локалната патна мрежа и за одржување и за изградба се единствено овие средства. Овој наш амандман е во функција на дискусијата и на претходниот пратеник кој имаше поднесено амандман, а исто така е во функција на новиот закон за територијална поделба на РМ, на создавање на нови општини некаде како што е предложено 111, или отворање на нови 7 5 или 7 6 локални самоуправни центри до кои населението од тие локални самоуправни центри мора да пристигне некако. Значи ќе бидеме спречени пред една нова работа да мора да

отвораме патишта, да ги тампонираме, или да ги асфалтираме, инаку ќе дојдеме во состојба некои села до своите општински центри да поминуваат низ други општински центри со километража од над 30 км. Во функција на новите самоуправни центри, предлагам овој Амандман да биде усвоен.

**ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

И јас сум еден од потписниците на овој Амандман и станав да кажам некој бор во прилог на амандманот. Малку да го дополнам колегата до мене. Конкретно би кажал нешто за локалните патишта во Скопје, односно околу Скопје. Не знам колку е познато од прилика повеќе од 200.000 жители живеат во населените места вон градското подрачје кои се во исклучително руинирана состојба. Од тие причини сметам дека овој процент што го дискутиравме треба да се зголеми за сметка на локалните патишта, со тоа што оваа неправда можеби улиците долга низа години што не се поправани поради малиот процент на издвоени средства за локалните патишта, сега нешто би можело да се поправи. И од друга причина што рече и колегата пред мене по основ на уредување на градежно земјиште улиците можат и се прибираат не малку, туку би рекол и подоста средства, а додека за локалните патни мрежи процентот беше, барем со досегашниот закон многу мал. Тоа е една од причините, а покрај тоа исто така добар дел од нашите населени места надвор од Скопје има градски сообраќај што функционира сообраќај на ниво на град, кој почесто доаѓаат во прашање, само заради неодржувана локална патна мрежа. Не беа доволно средствата и за санирање на дупките, а посебно за ова зимско одржување кое остануваше на општинскиот СИЗ за патишта кои кажав располагаше со многу малку средства.

XIII/7.-

И на крајот решавањето на инфраструктурата на населените места, во кои спаѓаат и овие локални патишта, овозможува развој на малото стопанство на нашите населени места, овозможува враќање на добра дел и интерес на граѓаните во овој период на транзиција, враќање на селото, заживување итн. Затоа апелирам кај пратениците овој Амандман да биде прифатен.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателем почитувани колеги,

И јас го поддржувам овој Амандман, од аспект што мора да имаме во вид дека во услови на транзиција, кога се продуцираат невработени луѓе, кога имаме бројни стечајци, кога настана дисолуција на моделот работничка класа, кога сакаме да извршиме ревитализација на населбите, на селата, логично е дека основна парадигма на една политика во овој момент треба да биде насочена кон поттикнување и развој на овие краеви, а без добра инфраструктура, тоа не е можно. Ако сакаме да бидеме во контекст со вкупните определби на општеството, мислам дека оваа определба е приоритетна.

**ТИТО ПЕТК0ВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандман и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(62)

Господинот Минов - процедурално.

XIII/8.-

**ПАНЧО МИНОВ:**

Се повикувам на Деловникот да објаснам зошто сум гласал за. Тоа е затоа што со овој Амандман е прифатена и содржински, од- носно со овој амандман фактички е прифатен и амандманот предложен од Либералната партија. И затоа го прифаќаме овој Амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Констатирам дека Собранието го усвои Амандманот на член 106 став 1 точка 2 и 3 поднесен од пратениците: Илија Гоцевски, Благоја Стојковски, Мирко Иванов, Никола Р. Поповски, Кирил Спасовски и Здравко Стојковски.

Отворам претрес по Амандманот на член 106 став 4 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифака овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 106 став 4 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Отворам претрес по Амандманот на член 108 став 1 за додавање точка 11 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа Амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 109 за менување на точка 2 поднесен од пратеникот Слободан Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Целта на поднесувачот на овој амандман е исполнета со извештајот кој е поднесен од Комисијата за урбанизам на Собранието на РМ. Според тоа содржината е вградена како составен дел на Законот, меѓутоа, овој амандман, бидејќи на таков начин со тој извештај го имаме тоа регулирано, овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Го повлекувам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, г-динот Даневски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 109, став 1, за додавање нова точка 11, поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 109 точка 2, поднесе од Комисијата за сообраќај и врски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 119, став 1 точка 1, поднесен од пратеникот Димитрија Вревезовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 125, за додаваше нов став 1, поднесен од пратеникот Димитрија Вревезовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на членот 129, поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Г-динот Коцевски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 129 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (2 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 129, поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 12 9-а поднесен од пратениците Газменд Ајдарага и Ризван Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници. Кога дискутирав денес во начелната расправа по овој закон кажав кој се

причините, зошто се поднесува овој амандман. Не случајно го проучував добро законот, особено завршните одредби каде се регулираат поедини прашања кои треба да бидат регулирани во завршните одредби односно во преоден рок. Меѓутоа, ова прашање воопшто не е регулирано. Заради тоа поднесов амандман.

Јас не знам, можеби министерот на брзина, можеби и повикан од тоа што е поврзано прашањето со средства, а јас кажав и во моето излагање по однос на законот. Меѓутоа, станува збор за едно многу битно прашање. Смет ги уврстиле патиштата во меѓународни>; а тие се 5 метра. Ве молам, како може да биде меѓународен пат 5 метри.

За тоа, ми се чини, министерот ми должи еден одговор што не ми го даде кога го повикав тоа да го каже, тоа е дали во законот, при поставување на условите за градба на патишта, дали се земаат предвид меѓународните норми или не. Јас мислам дека меѓународна. норма не може да биде, пат да биде широк 5 метри. Во никој случај тоа не е. Јас сум свесен за што станува збор. Станува збор за средства. Тие не се големи, меѓутоа се значајни, сепак, морам да признам, но, како ќе се обидеме да минуваме на патот кој оди од Маврово спрема Албанска граница, особено делот од Жировница кон Дебар, што е 5 метри. Како ќе се врши сега, ако некој имал прилика да минува на таа делница, виделе каква е состојбата. не може да се разминуваат шлеперите, а нема ни проширување, што се предвидува со Законот за оние патишта од 3,5 метри, заради тоа, а не е случајот само тука. Г-динот Најдовски пред малку зборуваше за селото Кравари. Слична е состојбата. Од тие причини мислам дека треба да најдеме сили, сега не мора да гласате, меѓутоа, мислам дека ова е едно решение. Јас не велам веднаш да биде.

Затоа давам преоден рок од 2 години за кој рок мислам дека тие средства ќе се обезбедат, за да се обезбеди еден нормален проток. Не се работи за некој посебен проток. Јас кажав дека и во законот добро е направено тоа што веќе не се градат патишта од 5 метри. Тоа е паметно, меѓутоа, по некое време некое време некој претседател на Влада предложил тоа така да биде. Затоа, молам, ако наидете на разбирање дека треба да биде прифатен амандманот, јас мислам дека треба да биде прифатено тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор: (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (21 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 129-а, поднесен од пратениците Газменд Ајдарага и Ризван Сулејмани

Во меѓувреме пратеникот Наум Силјановски поднесе амандман на член 6 став 2, по кои Владата не се произнела.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес на текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Г-динто Шапуриќ има процедурални прашања.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во името на пратеничката група на Либералната партија бараме да се прекине седницата денес, согласно договорот за прекинување во 17,00 часот, а да продолжи утре.

Доколку овој предлог не се прифати, бараме алтернативно пауза од 15 минути заради дополнителни консултации во врска со гласањето на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас прекинувам седницата, продолжуваме утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,30 часот)